# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година VII, број 69 — 25 април 2014 година


# ЧЕСТИТ 1ви МАЈ - ДЕН НА ТРУДОТ


**ВО ОВОЈ БРОЈ...**

**НОВИНИ ОД ФЗОМ**



стр. 2



**ИНТЕРВЈУ СО АЦО СТОЈАНОВСКИ** стр. 3

**ФЗО - ЛИСТА СО ЛЕКОВИ БЕЗ ДОПЛАТА** стр. 4

ТРИБИНА стр. 5

**УШТЕ ЕДНА УСПЕШНА ГОДИНА НА ЗП ШТИП И КАРБИНЦИ**



стр. 7

ОТЧЕТНИ СЕДНИЦИ стр. 8

ИНФО стр. 9

**ЕНТУЗИЈАЗМОТ ВОДИ КОН УСПЕХ**



стр. 10



**ПЕНЗИОНЕР КОЛЕКЦИОНЕР ВАНЃЕЛ НАУМОВСКИ** стр. 11

**TAKIM SHUMETNIK I PENSIONISTËVE NË TETOVË**



стр. 12

ЗАБАВА стр. 15

**ПОСЕТЕНОСТА НА WEB СТРАНАТА НА СЗПМ СЕ ПОГОЛЕМА**



стр. 16


**Ревии и спортски игри во 2014 година**

## Подготовките се во завршна фаза

Со доаѓањето на пролетта се раздвижи се, а и пензионерите се раздвижија во своите здруженија. Според програмите за 2014 година, покрај другите активности, започнаа и подготовките за ревиите на песна, музика и игри, кои имаат цел да ги зачуваат културното и етничкото богатство на сите кои живеат на овие простори и да ги оставаат во наследство. Наедно



започнаа и спортските натпревари кои се пренесуваат од година на година и кои се традиција веќе многу години.

Ревиите ќе се одржат по 12–ти пат, а спортските натпревари по 19–ти, и истите беа со натпревари во неколку дисциплини и со мал број натпреварувачи, а прераснаа во вистинска Спортска пензионерска олимпијада, на која се застапени дури 11 дисциплини. Самиот факт што овие манифестации се одржуваат повеќе години е доказ дека пензионерите иако во поодмината возраст можат да се натпреваруваат во играње и во пеење, а и да



ги одмерат своите интелектуални и физички способности во играње шах, во влечење јаже или во трчање.

Во организација на СЗПМ и годинава ќе се одржат регионалните ревии на песни, музика и игри и регионалните спортски натпревари, завршувајќи со Републичката ревија на песни, музика и игри и Републичките спортски натпревари на кои ќе настапат најдобрите и најподготвените.

Да се биде домаќин на регионална ревија на песни, музика и игри или на регионален спортски натпревар, за секое здружение претставува посебна чест. Затоа мора да се внимава на тоа да можат сите да ја доживеат оваа

**Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт и рекреација:**

**- На Пензионерската спортска олимпијада можат да ни позавидат многу земји во Европа. Пензионерите-спортисти се навистина за пофалба и кога се натпреваруваат и кога навиваат. Масовноста е многу голема. Овие натпревари опфаќаат околу 250.000 пензионери, а на завршната манифестација присуствуваат над 1.500 натпреварувачи и гости. Така беше во минатите години, така ќе биде и сега.**

привилегија. Но, за успешноста не се трудат само пензионерите и здруженијата. Во организацијата и во обезбедувањето на што подобри услови помагаат и општините и градоначалниците, зашто деновите кога се одржуваат пензионерските ревии или спортските натпревари се празник за сите, за целиот град, за возрасните и за младите, за старите, но и за нивните внуци!

Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на



Македонија, ја потврди определбата на Комисијата за култура и годинава да се одржат шест регионални ревии. Домаќини на ревиите ќе бидат следните здруженија: на 3.5.2014 – ЗП Берово, на 9.5.2014 – ЗП Свети Николе, на 11.5.2014 – ЗП Струга, на 15.5.2014 – ЗП Неготино, на 20.5.2014 – ЗП Солидарност Аеродром и на 22.5.2014 – ЗП Ѓорче Петров.

Републичката ревија на песни, музика и игри ќе се одржи на 10 јуни во Универзална сала во Скопје. Ревиите и годинава Министерството за култура ги прогласи за манифестации од национален интерес во културата за државата, со што пензионерите се чувствуваат почестени и горди.

**Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за култура:**

**- Ревиите имаат ревијален карактер, а здруженијата овде се натпреваруваат кој на овој јавен настап ќе изигра подобро, кој ќе биде во поубава народна носија... Исто така и масовноста е се поголема, како на регионалните, така и на Републичката завршна ревија, која оваа година ќе се одржи по трет пат едноподруго во Универзалната сала во Скопје, на 10 јуни 2014 година. И уште еднаш пензионерите ќе покажат како се чува фолклорот и идентитетот од заборав.**



Деветнаесеттите регионални спортски игри ќе се одржат од 22 мај до 21 јуни 2014 година, а на истите домаќини ќе бидат следните здруженија: прв регион ЗП Бутел на 30.5. 2014, втор регион ЗП ОВР на 25.5.2014, трет регион ЗП Крушево на 21.6.2014, четврти регион ЗП Македонски Брод на 18.6.2014, петти регион ЗП Богданци (5.6.2014), шести регион ЗП Злетово на 31.5.2014, седми регион ЗП Свети Николе на 22.5.2014 и осми регион на ЗП Берово на 14.6.2014 година.

19. републички спортски натпревари ќе се одржат на 6 септември 2014 година во Тетово.

Деновиве домаќините одржаа состаноци со претставници на здруженијата на кои беа извршени подготовки за поорганизиран и поуспешен настап на учесниците.

Со завршувањето на натпреварите сите ќе славаат и сите ќе бидат победници во добро познатите дисциплини: дружење, соживот и активно стареење.

**Калина С. Андонова**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.

НЛБ Сребрен пакет

NLB Тутунска банка



Колумна

# Ура... Ура... Ура...

**Методија Ст. Тошевски**

Ура.... Ура ... Ура... зунеше во просторот додека со еден стар и потрошен американски „Дајц“ качени на каросеријата се приближувавме кон младинската населба во срцето на битолска Пелагонија. Неколку претставници на Општинскиот комитет на младината од Прилеп на чело со Станко Конески и Милорад Думбалоски од синдикатот, одевме во посета на Прилепската младинска бригада која работеше на уредување на коритото на Црна река. Се спроведуваше проект за одводнување на реката, која често ги поплавуваше плодните пелагониски површини и ги намалуваше планираните количини на очекуван род пченица. Јас ја носев опремата на прилепскиот фотограф Методија Ристески. Моите родители многу сакаа да станам фотограф, и не знам како, ме имаа „главено“ кај него да го учам занаетот. Методија имаше ситен раст, а јас тогаш бев извишено дете на преминот кон момче, скоро бевме изедначени по растот, и сите мислеа дека сме „компањони“.

Методија беше фотографски хроничар на Прилеп. Набрзо откако слеговме од „Дајцот“, беше време на ручек, и бригадата беше построена да тргне кон мензата, кога командантот на бригадата, тогаш надежниот артист Благоја Ивчески, командуваше поздрав за раководството, и додека ние уште ја местевме опремата за сликање, од грлата на младинците поново се заори громогласното Ура... Ура ... Ура...

Потоа, комитетлијата и командантот одржаа говор и поделија ударнички значки. Само неколку бригадири ја немаа среќата да се закитат со значките...

Следниот ден, истиот состав луѓе се најдовме пред Безистенот за да ја сликаме работничката парада низ калливите улици на градот, на просторот пред поштата. Старата калдрма беше раскопана и тешко се одеше по неа. Додека се подготвуваме за задачата, некој извика: Парадата започна! Така, токму така! И парадата започна.

Беше Први мај, се славеше денот на Богот на трудот – работникот! Тоа да го знаете. Тогаш имаше еден врховен Бог во државата, по еден голем Бог во републиките и осум Богови во нашите околии. Но, сите го славеа Богот на трудот – работникот. Јас, и сега не знам колку ја разбирав тогаш таа хиерархија, но мојот фотографски учител Методија Ристески, постојано ми зборуваше, внимавај дете, Претседателот на партијата, едикојси, да биде во гроплан на сликите што ги правиме. И така беше. Арно ама, нели се славеше празникот на Богот на трудот – работникот, Методија отстапи од тоа правило, и фати една поза од првиот ред на парадата во која беа истакнатите работници од прилепските претпријатија, ударниците Рада од Монополот, Ѓоре од Црн бор, татко ми Стефо од градежното Прилепец, Цена од Текстилната задруга Ридот, Спасе од Црвени Стени и Тозо од касапите. Сите беа светнати и исправени како млади тополи, во едната рака носеа транспаренти на којшто со неизедначени букви пишуваше „Да живее 1–ви мај, денот на трудот“, друга на којшто пишуваше да живее тој и тој, и се така...

Транспарентите го покриваа видогледот, и од рамна површина неможеа да се видат учесниците во вториот, третиот и сите натамошни редови во парадната колона. По неколку такви реда со работници од сите струки, се движеа стари камиони, по некој трактор, и на крајот запрежните коли, „арабаџиите“ кои на прилепчани, од млинот и од магацините кај железничката станица им ги разнесуваа до домовите брашното, дрвата, каменот јаглен. По некои граѓани беа услужувани и од амалите, чиј главен претставник беше „Апче“ ситен и жилав, духовит човек кој на таков начин си го заработуваше акот за животот!

Колку се изменил животот, а сите критикуваме дека пропаднала државата, немало развој, била безработица, опозицијата го украла капиталот, а власта недоволно донела странски капитал за инвестирање и создавање на работни места. Просто да не може човек да сфати кој за што е крив, кој за што е одговорен, кој за што треба да биде прогласен за ударник! И се така...

Одиме во пресрет на Денот на Трудот 1–ви мај. Намерно зборот трудот го напишав со Голема буква. Да се знае дека Трудот е вечниот Бог на човечкиот опстанок. Арно ама, како да се заборави тоа, се смениja работите, излегоа некои други приоритети и сега се сменија дури и Боговите. Нели гледате, никој не зборува за Трудот. Некако спонтано и без компромис, а камо ли со консензус, за Бог се прогласи Политиката. А народот одамна зборуваше дека политиката е ...Ај разбери сега што е што. Забранија отворање јавни куќи, чиј делокруг на работа беше сосем јасно дефиниран, а отворија политички работилници повеќе отколку фабрики и професионални задруги. Дури ни синдикатот не е тој што беше. И тој некако се врти на кај новиот Бог, наместо да си остане верен на врховниот Бог на човечкиот род, Трудот. Но, ќе видиме. Можеби одново ќе застане на чело на Првомајската парада на трудбениците, кои очигледно, секојдневно имаат се поголема потреба од предводник. За некој нов, поборбен, пожилав, посамостоен, појасновиден водач кој нема да флертува со сите Богови, за да не остане Трудот „у другo стање“ што би рекол мојот колега Момчило од Тетово.

Да живее 1–ви мај, денот на Трудот!

Моите, нашите честитки и пожеланија за вистински празник на Трудот. Може да се оди и до Сарај или Матка, на Трибор или на Шаторов камен, или било каде по милост на трудбениците, и да се прави скара или слично, но треба да се врати вербата во Трудот. И, не само вербата. Да се врати и Цената на Трудот. Мојата генерација ја учеа дека странските инвестиции кога, тогаш ќе и дојдат до ак на државата. Не дај Боже да се потврди тоа учење, а има можност. Кај би биле ние тогаш?! Зар домашните инвеститори се понеинвентивни од странските кои знаат само две операции, подели и владај! Ај, кај отидов јас!

Туку, да се вратам на празнувањето. Празник во тишина не е празник. Еден Големец од соседството, многу одамна, ги прашувал своите аѓутанти: Како е меѓу народот, што прават луѓето, што зборуваат? – „Многу зборуваат Господару, критикуваат, се жалат!“ ваше Величество, одговарале гавазите. – „Добро е, си заклучил Големецот во себе! Добро е!“ Но некое време Големецот забележал некакво нерасположение кај своите аѓутанти. – „Што е, прашал тој, што ве мачи, мои скапи гавази?! – „Господару, рекле тие, народот наеднаш како да замолкна, ништо не зборува!“ – „Е, тоа не чини! одговорил Големецот, и се повлекол во глувчевата дупка.

Да е честит Први мај денот на вечниот Труд, вечниот човечки Бог!

Мојата генерација и овој ден ќе го слави во своите стари манири, не се тура лесно пепел над цел еден живот! Ура.... Ура ... Ура... уште ми зуни во ушите громогласниот поздрав на младинците од прилепската бригада која го уредуваше коритото на Црна река во Пелагонија битолска... илјададеветстотинишеесет и некоја година во пресрет на Данот на трудот – Први мај...

ФЗОМ и СЗПМ

# Организирани повеќе работилници за здравствена едукација на пензионерите

Во рамките на активностите што заеднички ги спроведуваат СЗПМ, Фондот за здравствено осигурување и Црвениот крст на Македонија во Прилеп, на осми април се одржа работилница на тема „Информација и едукација за подобро здравје на пензионерите“.

Клубот на ЗП Прилеп беше преполн со заинтересирани кои зедоа активно учество во работата на оваа здравствена работилница. Вакви работилници се одржаа и во Кавадарци, Валандово и Радовиш.



Во клубот на пензионерите во Валандово за значењето на оваа заедничка акција на СЗПМ и Фондот на ФЗО говореа директорката на здравствениот фонд **Маја Парнарџиева-Змејкова** и претседателот на македонските пензионери **Драги Аргировски**, истакнувајќи дека во текот на 2014 година ќе се организираат над 20 вакви работилници во повеќе градови на нашата држава.

Целта на овие работилници е припадниците на третата доба благовремено да бидат информирани за сите новини во здравственото осигурување, да им биде укажано на



одредени проблеми и како истите да ги надминат, да им се објаснат правата што ги имаат пензионерите за да можат полесно и побрзо да си ги остварат. На работилницата пензионерите се едуцираа, но и поставуваа прашања за превенцијата на здравјето, за кардиоваскуларни и нефролошки заболувања и други, а особено се интересираа за дијабетесот. Повеќето прашања беа од областа на здравствената заштита, за намалување на цените на лековите и слично.

На овие едукативни и практични работилници уште еднаш се покажа дека тие се непосреден начин, пензионерите да се информираат за здравјето, здравственото осигурување и превенцијата, со што се придонесува да имаат здраво, активно и достоинствено стареење и да ги



користат сите бенефити што им ги пружа Фондот за здравствено осигурување на Македонија односно државата, за што пензионерите им се особено благодарни и вакви и слични работилници треба да се организираат и во иднина.

Директорката на ФЗОМ м–р Маја Парнарџиева–Змејкова во овој период имаше посети и работни средби во повеќе болници и здравствени установи. Во рамките на тоа таа оствари работна среба и во општата болницата „Борка Талески“ во Прилеп каде имаше можност лично да се увери како функционираат новите методи за снимање на остеопороза, како и апаратот за ПРП (терапија со плазма збогатена со тромбоцити, или автотрансплантација), при што директорот на болницата, д–р. Илија Богатоновски изрази задоволство дека отсега овие услуги ќе им бидат достапни на пациентите кои гравитираат кон оваа општина. **К. Р.**

# Новини и олеснувања при упатување осигурени лица кај специјалист - субспецијалист

ФЗОМ донесе измени во законската регулатива кои се однесуваат на олеснувања на осигурените лица при користење на специјалистичко–консултативна и болничка здравствена заштита во здравствени домови, општи болници, општи и клинички болници и универзитетски клиники и тоа:

**Кога осигуреното лице е примено како итен случај**, повеќе нема потреба да се грижи за административните работи, бидејќи **здравствениот систем, во негово име ќе ги заврши сите неопходни административни процедури.**

Доколку **осигуреното лице е примено како итен случај** (без упат од матичен лекар, со упат од итна медицинска помош, или со упат од дежурна служба), **повеќе нема потреба да оди кај матичниот лекар**, бидејќи специјалистот креира специјалистички/субспецијалистички упат, кој го потврдува со свој потпис и факсимил. Доколку специјалистот извршил само амбулантски преглед и нема потреба од болничко лекување, тогаш здравствената установа ги фактурира до Фондот здравствените услуги како специјалистички пакет, со упатот издаден од специјалист/субспецијалистот.

**Доколку** при прегледот, **специјалистот/субспецијалистот утврди** дека постојат медицински **индикации за болничко лекување** на осигуреното лице, **тогаш повеќе нема потреба да оди кај матичниот лекар за болнички упат**, бидејќи специјалистот веднаш креира болнички упат, кој го потврдува со свој потпис и факсимил.

**Во случаи кога специјалистот/субспецијалистот смета дека осигуреното лице треба да биде препраќано на понатамошни медицински испитувања** кај друг специјалист/субспецијалист, тогаш креира интерспецијалистички упат, упат за радиодијагностика (РДУ 2) или упат за биохемиски лабораториски испитувања (ЛУ 2) и **осигуреното лице нема потреба да оди кај матичен лекар** за да ги обезбеди овие упати, бидејќи специјалистот креира упат, кој го потврдува со свој потпис и факсимил.

Со новиот начин на упатување, лекарот специјалист/субспецијалист по извршен прв преглед на осигуреното лице, за секој нареден контролен (периодичен) преглед издава специјалистички/субспецијалистички упат. **Со овие измени, повеќе нема потреба за сите наредни контролни периодични прегледи да се препраќа осигуреното лице кај матичниот лекар.** Досега овие контролни прегледи непотребно се закажуваа преку „Мој термин“ како нов преглед, со што се пролонгираше времето за чекање за контролен преглед. **Важноста на специјалистичкиот/субспецијалистичкиот упат сега е една година, наместо како досега еден месец.** Ова е големо олеснување за осигурениците со хронични заболувања кои се лекуваат амбулантски и нема веќе потреба секој месец да обезбедат упат од матичниот лекар. Такви заболувања се хемодијализа, вежби на вид, слух, говор и глас, хемотерапија и радиотерапија во дневна болница. Пружените здравствени услуги се фактурираат секој месец до Фондот со копија од првично издадениот упат.



По завршување на лекувањето, во рок од 5 дена, осигуреното лице треба да ја однесе целокупната медицинска документација за лекувањето кај својот матичен лекар.

**Со оваа новина ФЗОМ обезбедува административно олеснување за сите учесници во здравствениот систем, и за матичните лекари, за пациентите, но и за здравствените установи.**

**Сите овие измени особено се корисни за популацијата од трета доба која има нарушено здравје за што пензионерите се посебно благодарни, бидејќи полесно ќе дојдат до потребните прегледи.**

**К.С.А.**

Разговор со Ацо Стојанов, претседател на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ

# Соработката секогаш дава резултат

**На почетокот од нашиот разговор како претседател на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, кажете ни кон кои прашања во минатиот период ја имавте насочено својата работа и активност?**

– Што се однесува до работата на УО на Фондот на ПИОМ, можам да кажам дека во 2013 година, не само по бројот на одржаните седници (вкупно 22), туку и по разгледаните, дискутирани и вреднувани материјали (вкупно 81), но и по бројот на повеќето донесени одлуки, изврши исклучително голема и значајна активност и постигна резултати кои заслужуваат истакнување дека Фондот на ПИОМ лани, одговорно, квалитетно и навреме ја реализира програмата за работа. И, што е особено важно, работата се одвиваше по принципот на исклучително почитување на законските документи: Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Статутот на Фондот и Деловникот за работа на Управниот одбор. Во оваа прилика, исто така, треба да се нагласат уште следните факти: владееше колективна и квалитетна кооперативна соработка на членовите на УО, почитувањето на субординацијата и одговорноста во реализацијата на донесените одлуки и заклучоци на седниците на нашиот УО, потоа редовноста, толеранцијата и сериозноста искажа и во дискусиите по одделни материјали, како и соработката во изработувањето и нивната дистрибуција за подобро да се разберат постигнатите работни резултати, со цел спроведување на општествено–одговорните задачи во интерес на корисниците на услугите на Фондот, како и воспоставување тесна и квалитетна услуга и взаемна доверба со фирмите.



Важно е да го истакнам и тоа дека го прифативме Стратегискиот план за периодот од 2014 до 2016 год., Буџетот на Фондот за оваа година, но и извршените продажби на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на ПИОМ стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал со состојба до декември 2012 год., а дека одговорно работиме, покажа и ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата за вкупната работа, што ја изврши Државниот завод за ревизија. На крајот од одговорот на ова прашање би кажал дека во 2014 год., Фондот на ПИОМ ќе располага со буџет во висина од 57.035.290.000 ден., кои ќе се обезбедат изворните, трансферните и други приходи.

Од погорното произлегува дека и оваа година, УО на Фондот на ПИОМ, одговорно и според законските прописи целосно ќе ја оствари програмата за работа која е во директен интерес на пензионерите во Република Македонија.

**Според кажаното може ли да се констатира дека координацијата меѓу Управниот одбор и Менаџерскиот тим е на висина?**

– Точно така, во досегашната соработка не само што не сме имале никакви недоразбирања со Менаџерскиот тим и директорот Беким Незири, туку напротив, имаме мошне кооперативна соработка. Тоа е резултат на исклучително работната атмосфера и хармонизацијата на односите во Фондот на ПИОМ од една, и одлуките што ги донесуваме, а се оживотворуваат во практиката, од друга страна. Уште еднаш ќе повторам, дека резултатите што ги остваруваме во работата се заслуга на Менаџерскиот тим и директорот Беким Незири, кои предано и одговорно ја реализираат програмата за работа, а имаат воспоставено и значајна и квалитетна соработка со неколку министерства сродни на нашата дејност и со Владата на РМ, од која секогаш имаме помош и поддршка на се она што го работиме.

**Отсекогаш се водело грижа за редовно одржување и подобрувањето на условите за живеење во пензионерските домови во сопственост на Фондот на ПИОМ и на просториите - клубовите за пензионери. Колку средства вложивте минатата година, а колку е планирано да вложите во 2014 година за инвестиционо одржување?**

– Веднаш да истакнам, на Фондот на ПИОМ, отсекогаш приоритет му било подобрувањето на условите во пензионерските домови со кои располагаме, а ги има 15 на број, како и пензионерските клубови, но и просториите во кои работат вработените во Фондот. За ова најдобро зборуваат и самите бројки, а имено во 2013 год. за реконструкција и адаптација на деловните објекти на Фондот, беа планирани 9.470.000 ден., и тоа 3.770.000 ден. за инвестиционо одржување на објектите на Фондот – Централата, филијалите и деловниците и 5.700.000 ден. за инвестиционо одржување на пензионерските домови.

Така, од овие средства, во Пензионерскиот дом во Делчево е извршено преадаптирање на дел од просторот во канцелариите за потребите на Филијалата на Фондот, додека во Домот на пензионери во Крива Паланка, извршени се градежно–занаетчиски работи во износ од 473.700 ден., со тоа што е извршена реконструкција на дел од покривната конструкција која беше дотраена, замена на столаријата, санација на санитарните јазли и на ѕидовите и други работи. Во Пензионерскиот дом во Чаир, пак, за 1.898.084 ден., извршена е поправка на дел од покривната конструкција, замена на дотраената столарија со нова, преградени се простории со ѕидови, изведено е молерисување и керамички работи, а во Домот на пензионери во Ѓорче Петров, потрошени се 1.829.486 ден., при што е извршена комплетна замена на надворешната столарија и други дополнителни занаетчиски работи. Исто така, за потребите на Фондот на ПИОМ и неговата Комисија за оцена на работната способност, извршена е адаптација на просторот за 2.183.000 ден. во Општина Центар.



Значи, од предвидените средства за инвестиционо одржување на деловните објекти на Фондот – домовите за живеење со кои тој стопанисува, искористени се средства во износ од 4.201.270 ден., така што останаа за користење уште 1.498.730 денари, а овие неискористени средства дополнително се вложија за реконструкција на покривната конструкција на Пензионерскиот дом во Чаир–Скопје.

Истакнувам дека според усвоениот финансиски план на Фондот на ПИОМ за 2014 год., исто така, толку средства се планирани за инвестициони зафати во пензионерските домови и други простории со кои располагаме.

**Во Фондот на ПИОМ се реализираа повеќе програми во интерес на пензионерите, а пред се, грижата за постојаното зголемување на пензиите и заштита на пензионерскиот стандард. За што станува збор?**

– Познато е дека усогласувањето на пензиите почна од јануари 2013 год., и тоа за 50% од порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во РМ и 50% од движењето на индексот на трошоците на живот. Покрај усогласувањето на пензиите лани, сите видови на пензии дополнително се усогласуваа, зголемени за 5% поделен со бројот на корисниците на пензија во февруари 2013 год. Пензиите се усогласуваат два пати годишно, во јануари и јули според процентот кој се добива како збир на движењето на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената нето плата по вработен во РМ во претходното полугодие.

Треба да се знае дека во периодот од 2008 до 2013 година, пензиите најмногу се зголемија во 2008 год., поради дополнителното усогласување на пензиите со Одлука на Владата на РМ, што придонесе да се зголеми реалниот износ на пензиите и да се подобри материјалната и социјална сигурност на корисниците на пензија. Со вкупното усогласување на пензиите во 2013 год. (1,15% од јануари, дополнително 5% од февруари и 0,75% од јули), просечната пензија, на пример, за месец септември лани изнесуваше 11.833 ден. и истата во однос на декември 2012 год. е зголемена за 7,2% како резултат на редовното и дополнително усогласување на пензиите. Вкупната просечна пензија која изнесува 11.833 ден. во однос на просечната плата во Републиката во јули 2013 год. (21.013 ден.), учествува со 56,3%, додека просечната старосна пензија за септември 2013 год. изнесува 13.283 ден. и истата во просечната плата учествува со 63,2%. Со усогласувањето на пензиите од јули 2013 год. најниската минимална пензија изнесува 6.562 ден., а највисоката пензија 37.173 ден. Од вкупниот број на корисници, 160.591 корисник или 55,5% примаат пензија до износот на просечната пензија, односно 11.833 ден.

Да го истакнам и тоа дека, од вкупниот број корисници, 166.632 или 58,2% се корисници на старосна пензија, 42.842 или 15% се корисници на инвалидска пензија и 76.940 или 26,8% се корисници на семејна пензија. Покрај овие корисници, Фондот исплаќа пензии и на 944 корисници на минимални земјоделски пензии и на 1.854 корисници на воени пензии и заедно со овие, вкупниот број на корисници на пензија за септември 2013 год. изнесува 289.212 корисници, додека сега е значајно зголемена оваа бројка.



Ако кон ова се додаде и најновото линеарно зголемување од 600 денари за секој наш пензионер, тогаш со право можам да речам дека Владата заедно со Фондот на ПИОМ и СЗПМ, перманентно се грижат за заштита и максимално унапредување на пензионерскиот стандард.

**Кога станува збор за Солидарниот фонд, тогаш интересот кај пензионерите, сосема разбирливо, голем, па каква е состојбата на овој план. Има ли место за вознемиреност?**

- Дозволете да го повторам она што се знае, дека висината на задршката за Солидарен фонд изнесува 120 ден., а висината на членувањето во пензионерското здружение изнесува 30 ден., или вкупната задршка од пензијата изнесува 150 ден. Висината на посмртната помош изнесува 30.000 ден., согласно донесената Одлука од Одборот на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија. Овие средства за Солидарен фонд – посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна подсметка во рамките на Трезорската сметка и тука работите се сосема чисти и јасни. Така, во периодот од јануари до ноември 2013 год., пресметани се и задржани средства за Солидарен фонд–посмртна помош во вкупен износ од 358.993.560 ден. од просечно 271.965 корисници на пензија, на кои се врши задршка и истите се дозначени на посебната сметка за оваа намена. Треба да се знае дека лани само за единаесет месеци, во Фондот се исплатени средства за посмртна помош во износ од 367.200.000 ден. за 12.240 починати. Во споредба со истиот период во 2012 год. кога се исплатени 372.030.000 ден. за 12.401 починат корисник, во 2013 год. тој број е намален за 161 починат корисник и се исплатени помалку средства во износ од 4.830.000 ден.

Во 2013 год. по основ на задршки на средства за Солидарен фонд се акумулирани вкупно 358.993.560 денари кои заедно со пренесените средства од 2012 год. во износ од 25.760.540 ден., изнесуваа вкупно 384.754.100 ден. Во истиот период се исплатени средства за посмртна помош за корисниците на пензија во износ од 378.990.000 ден., а салдото на сметката во ноември лани беше 5.818.530 ден. Месечниот износ на средствата од задршките на корисниците на пензија за Солидарен фонд во просек изнесува околу 32.630.000 ден. Од овој соодноc произлегува дека средствата кои се издвојуваат не се доволни да ја покријат тековната исплата на средствата за посмртна помош на починатите корисници и за дел од нив, односно за околу 30 починати корисници, исплатата се пренесува во наредниот месец. И покрај зголемениот износ на дозначени средства за Солидарен фонд, во последните месеци се констатира дека во Фондот се обезбедуваат средства само за 1.087 починати корисници на пензија во месецот, односно помалку за околу 30 корисника или има недостаток на средства од 750.000 ден. месечно, а годишно за околу 300 корисници или за 9.000.000 денари. Ова се фактите и затоа поради ваквата состојба се предизвикува понекогаш пролонгирање, односно задоцнување во исплатата на поднесените барања за починатите корисници, за што СЗПМ од своја страна претпоставувам дека презема соодветни активности.

Треба да се знае дека Фондот на ПИОМ, редовно ја сервисира исплатата на посмртната помош за починатите корисници на пензија, по исплата на пензиите и пренесување на средствата од задршката на корисниците на пензија на жиро–сметката на Фондот – средства за исплата на Солидарен фонд во Трезорот на Министерството за финансии.

**Како ја оценувате досегашната соработка со СЗПМ. Во УО веќе има претставник од Сојузот и во која насока во иднина ќе продолжите со соработката?**

- Дозволете ми мала предисторија. Имено, во минатото, во различни периоди имало претставник во УО на Фондот на ПИОМ. Но, до пред некоја година, тоа не беше случај. Така што со новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, децидно е регулирано и ова прашање – задолжително да има претставник од СЗПМ. И, веќе член на нашиот УО е претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, кој, можам да кажам е многу активен во работата на нашиот УО. Тој дискутира по секоја точка, ги изнесува ставовите по одделни прашања и на СЗПМ, така што може да се рече дека некогашната неправда е исправена, а влогот на дискусиите и предлозите на Аргировски се секогаш добродојдени за унапредување на севкупната работа.

**Разговорот го водеше**
**м-р. Снежана Кутузовска**

**ФЗОМ**

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Македонија преку транспарентниот процес на утврдување на референтни цени на лекови од Листата на лекви кои паѓаат на товар на ФЗОМ успева во континуитет за осигурениците да обезбеди се поголем број на лекови без доплата. Во моментот има досега рекордни 474 лекови по заштитено име од различни производители кои се без доплата. Во следниот преглед се дадени лековите кои се без доплата и се наменети за терапија на заболувања на генитоуринарниот систем, лекови за простата, хормонски препарати, лекови за третман на штитната жлезда, противоспалителни лекови за системска употреба,антибиотици,антимикотици, антивиротици , лекови за третман на карцином на дојка и простата, лекови кој се применуваат кај пациенти со трансплантирани органи, лекови за равматоиден артрит, лекови за остеопороза и др.

**СПИСОК НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ БЕЗ ДОПЛАТА КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ - Дел 2**

| ЗАШТИТЕНО ИМЕ НА ЛЕКОТ | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ЗАШТИТЕНО ИМЕ НА ЛЕКОТ | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ЗАШТИТЕНО ИМЕ НА ЛЕКОТ | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ЗАШТИТЕНО ИМЕ НА ЛЕКОТ | ПРОИЗВОДИТЕЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГИНЕКОЛОШКИ АНТИИНФЕКТИВНИ И АНТИСЕПТИЧНИ ЛЕКОВИ | | АНТИБИОТИЦИ | | HEMOMYCIN филм обл.tab. 3x500mg | HEMOFARM | EQUORAL капс.50 x 100mg | IVAX Pharmaceuticals |
| NYSTATIN вагинални табл. 15 x 100.000 U | HEMOFARM | DOKSICIKLIN капс. 5 x 100mg | JAKA 80 | AZITROMICIN филм обл.табл.3 x 500mg | BELUPO | CIKLOSPORIN ALKALOID раствор за орална употреба 100mg/ml(50ml) | ALKALOID |
| FLAGYL вагитории 10 x 500mg | ALKALOID | DOKSICIKLIN капс. 100 x 100mg | JAKA 80 | AZIBIOT филм обл.табл.3 x 500mg | KRKA | PROGRAF капс.30 x 0,5mg | ASTELLAS |
| KANSEN вагинални табл. 3 x 200mg | ZDRAVLJE | MOXILEN капс.100 x 250mg | MEDOCHEMIE | HEMOMYCIN сусп.100mg/5ml (20ml) | HEMOFARM | MYFORTIC табл. 120 x 180mg | NOVARTIS |
| MYCORIL вагинални табл.3 x 200mg | REMEDICA | MOXILEN капс.100 x 500mg | MEDOCHEMIE | AZATRIL сусп.100mg/5ml (20ml) | BALKANPHARMA | TRIXIN капс.100 x 250mg | TEVA PHARMACEUTICAL |
| MYCORIL вагинални табл. 1 x 500mg | REMEDICA | OSPEN сируп 750.000IU/5ml(60ml) | KRKA | HEMOMYCIN сусп.200mg/5ml(20ml) | HEMOFARM | MYFORTIC табл. 120 x 360mg | NOVARTIS |
| KANSEN вагинална крема 20 g (2%) + 3 plasticni aplikatori | ZDRAVLJE | PANKLAV филм обл.табл.15x(250+125)mg | HEMOFARM | HEMOMYCIN сусп.200mg/5ml(30ml) | HEMOFARM | TRIXIN капс.50 x 500mg | TEVA PHARMACEUTICAL |
| KASEN вагинална крема 20 g (2%) + 3 plasticni aplikatori | JAKA 80 | PANKLAV филм обл.табл. 20 x (500+125)mg 625mg | HEMOFARM | LINCOMYCIN капс.12 x 500mg(LINCOCIN) | PFIZER | MYCOFENOLAT MOFETIL ACTAVIS табл. 50 x 500mg | ACTAVIS NORDIC A/C |
| ЛЕКОВИ ЗА ГИНЕКОЛОШКА ПРИМЕНА | | PANKLAV 2X филм обл.табл.14 x (875+125)mg 1g | HEMOFARM | CIPROFLOKSACIN филм обл.табл. 10 x 250mg | JAKA 80 | IMUPRIN табл. 20 x 50mg | REMEDIKA LTD |
| BROMERGON табл. 30 x 2,5mg | SANDOZ-LEK | AMOKSIKLAV 2X филм обл.табл.14 x (875+125)mg 1g | SANDOZ-LEK | RECIPROKS филм обл.табл.20 x 250mg | REPLEKFARM | IMUPRIN табл. 100 x 50mg | REMEDIKA LTD |
| ПОЛОВИ ХОРМОНИ И ДРУГИ ЛЕКОВИ СО ДЕЈСТВО НА ГЕНИТАЛЕН СИСТЕМ | | AUGMENTIN сусп.(125+31,25)mg/5ml (100ml) | GSK | CIPROFLOKSACIN филм обл.табл. 10 x 500mg | JAKA 80 | ЛЕКОВИ ЗА РЕВМАТОИДЕН АРТРИТ | |
| ESTROFEM табл. 28 x 1mg | NOVO NORDISK | AUGMENTIN сусп.(250+62,5)mg/5ml (100ml) | GSK | ABAKTAL табл.10 x 400mg | SANDOZ-LEK | ALFIMID филм.обл.табл.30 x 20mg | PLIVA |
| PRIMOLUT-NOR табл. 20 x 5mg | BAYER SHERING | PANKLAV 2X сусп.(400+57)mg/5ml (140ml) | HEMOFARM | NORFLOKSACIN табл. 20 x 400mg | JAKA 80 | НЕСТЕРОИДНИ АНТИИНФЛАМАТОРНИ И АНТИРЕВМАТСКИ ЛЕКОВИ | |
| CLOMIFENE табл.10x 50mg | REMEDICA | CEFALEKSIN ALKALOID сусп.250mg/5ml(100 ml) | ALKALOID | PALIN капс. 20 x 200mg | SANDOZ-LEK | INDOMETACIN капс.30 x 25mg | BELUPO |
| ЛЕКОВИ СО ДЕЈСТВО НА УРИНАРЕН ТРАКТ | | DURACEF сусп.250mg/5ml (60ml) | BRISTOL MYERS SQUIBB | LINAPIN филм.обл.табл. 20 x 400mg | REPLEKFARM | INDOMETACIN супп.10 x 100mg | BELUPO |
| SPAZMOTROSPIUM табл. 20 x 5mg | REPLEKFARM | XORIMAX табл. 10 x 250mg | SANDOZ-LEK | ЛЕКОВИ ЗА ГАБИЧНИ ИНФЕКЦИИ | | DIKLOFENAK RETARD филм обл.табл. 20 x 100mg | JAKA 80 |
| ЛЕКОВИ ЗА ТРЕТМАН НА БЕНИГНА ХИПЕРТРОФИЈА НА ПРОСТАТА | | XORIMAX табл. 10 x 500mg | SANDOZ-LEK | DIFLUKONAZOL капс. 7 x 100mg | REPLEKFARM | DIKLOFENAK FORTE филм обл.табл. 20 x 50mg | JAKA 80 |
| TANYZ капс.30 x 400mcg | KRKA | MEGASEF табл. 10 x 500mg | NOBEL ILAC | FLUKONAZOL капс. 7 x 100mg | JAKA 80 | DIKLOFENAK DUO капс. 20 x 75mg | JAKA 80 |
| BAZETHAM капс.30 x 400mcg | PLIVA | ALFACET капс.16 x 250mg | GALENIKA | DIFLUKONAZOL капс.1 x 150mg | REPLEKFARM | DIKLOFENAK DUO капс. 30 x 75mg | JAKA 80 |
| TAMLOS капс.30 x 400mcg | ALKALOID | ALFACET капс.16 x 500mg | GALENIKA | FLUKONAZOL LEK капс.1 x 150mg | SANDOZ-LEK | RAPTEN DUO табл. 30 x 75mg | HEMOFARM |
| TAMPROST капс.30 x 400mcg | LEK | ALFACET сусп.250mg/5ml(60ml) | GALENIKA | FLUKONAZOL капс. капс.1 x 150mg | JAKA 80 | NAKLOFEN супп.10 x 50mg | KRKA |
| TANYZ ERAS табл.со прод.ослободување 30 x 400mcg | KRKA | CEFIXIM табл. 5 x 400mg | Orchid Chemicals | DIFLUKONAZOL капс.7 x 200mg | REPLEKFARM | KETOPROFEN FORTE филм обл.табл. 20 x 100mg | REPLEKFARM |
| TAMSULOZIN PharmaS капс.30 x 400mcg | PharmaS | PANCEF табл. 10 x 400mg | ALKALOID | DIFLUKONAZOL капс.7 x 50mg | REPLEKFARM | KETOPROFEN табл. 20 x 150mg | REPLEKFARM |
| TERAZOSIN табл. 30 x 2mg | REPLEKFARM | CEFIXIM табл. 10 x 400mg | Orchid Chemicals | FLUKONAZOL капс. 7 x 50mg | JAKA 80 | KETOPROFEN RETARD табл. 20 x 200mg | REPLEKFARM |
| KORNAM табл. 30 x 5mg | SANDOZ-LEK | PANCEF сусп.100mg/5ml(100ml) | ALKALOID | АНТИВИРОТИЦИ | | ЛЕКОВИ ЗА ГИХТ | |
| TERAZOSIN табл. 30 x 5mg | REPLEKFARM | KOTRIMOKSAZOL табл.20 x (100+20)mg | JAKA 80 | ACIKLOVIR табл. 25 x 200mg | JAKA 80 | ALOPURINOL табл. 40 x 100mg | HEMOFARM |
| ХОРМОНИ(АНАЛОЗИ) НА ХИПОФИЗА И ХИПОТАЛАМУС | | KOTRIMOKSAZOL табл. 20 x (400+80)mg | JAKA 80 | ACIKLOVIR табл. 25 x 200mg | ZDRAVLJE | ALOPURINOL табл.100 x 100mg | BELUPO |
| MINIRIN Назален спреј 0,1mg/ml (5ml) (50 дози)(10mcg/doza) | FERRING | TRIMOKSAZOL табл. 20 x (400+80)mg | REPLEKFARM | COPEGUS филм.обл.табл. 42 x 200mg | ROCHE | ЛЕКОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ПРИ ТРЕТМАН НА КАРЦИНОМИ | |
| MINIRIN табл. 30 x 0,2mg | FERRING | KOTRIMOKSAZOL сусп.(200+40)mg/5ml(100ml) | JAKA 80 | COPEGUS филм.обл.табл. 168 x 200mg | ROCHE | BONEFOS капс. 100 x 400mg | Bayer |
| ПРОТИВВОСПАЛИТЕЛНИ ЛЕКОВИ (КОРТИКОСТЕРОИДИ ЗА СИСТЕМСКА УПОТРЕБА) | | ERYTHROMYCIN филм обл.табл. 20 x 250mg | REMEDICA | REBETOL капс.168x200mg | SCHERING-PLOUGH | BONEFOS филм обл.табл.60 x 800mg | Bayer |
| DEXASON табл. 50 x 0,5mg | GALENIKA | MACROPEN филм обл.табл.16 x 400mg | KRKA | ZEFFIX филм.обл.табл. 28 x 100mg | GSK | ЛЕКОВИ ЗА ОСТЕОПОРОЗА | |
| NIRYPAN табл. 20 x 4mg | JUGOREMEDIJA | MACROPEN сусп.175mg/5ml(115ml) | KRKA | ЛЕКОВИ ЗА ТРЕТМАН НА КАРЦИНОМ НА ДОЈКА И ПРОСТАТА | | ALVODRONIC филм обл.табл.1 x 150mg | ALVOGEN Pharma |
| DECORTIN H 5 табл. 20 x 5mg | MERCK | UNIKLAR филм обл.табл.14 x 250mg | MN PHARMACEUTICALS | TAMOXIFEN табл.30 x 10mg | REMEDICA | IBANDRONAT LEK филм обл.табл.1 x 150mg | PHARMATHEN(LEK) |
| DECORTIN H 20 табл. 50 x 20mg | MERCK | FROMILID филм обл.табл. 14 x 250mg | KRKA | TAMOXIFEN табл.30 x 20mg | REMEDICA | BONEDRA филм обл.табл.1 x 150mg | PLIVA |
| DECORTIN H 50 табл. 50 x 50mg | MERCK | UNIKLAR филм обл.табл.14 x 500 mg | MN PHARMACEUTICALS | FLUTASIN табл. 90 x 250mg | S.C.SINDAN PHARMASRL | IBANDRONAT PharmaS филм обл.табл.1 x 150mg | Pharma S |
| ЛЕКОВИ ЗА ТРЕТМАН НА БОЛЕСТИ НА ШТИТНА ЖЛЕЗДА | | KLARICIN филм обл.табл. 14 x 500 mg | REPLEKFARM | ANDROCUR табл. 50 x 50mg | BAYER SHERING | LINDRON табл.28 x 10mg | KRKA |
| PROPILTIOURACIL ALKALOID табл.20 x 50mg | ALKALOID | FROMILID филм обл.табл. 14 x 500 mg | KRKA | ИМУНОСУПРЕСИВИ (ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТИРАНИ ОРГАНИ) | | FOROSA табл. 4 x 70mg | LEK |
| TIAMAZOL табл. 20x10mg | JAKA 80 | FROMILID UNO таблети со модифицирано ослободување 7 x 500 mg | KRKA | CIKLOSPORIN ALKALOID капс.50 x 25mg | ALKALOID | ALENDOR табл.4 x 70mg | PLIVA |
| TIAMAZOL табл. 20x20mg | JAKA 80 | UNIKLAR сусп.125mg/5ml (70ml) | MN PHARMACEUTICALS | EQUORAL капс.50 x 25mg | IVAX Pharmaceuticals | ALEDOX табл.4 x 70mg | BELUPO |
| ЛЕКОВИ КОИ ДЕЛУВААТ НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА КАЛЦИУМ | | AZATRYL капс. 6 x 250mg | BALKANPHARMA | CIKLOSPORIN ALKALOID капс.50 x 50mg | ALKALOID | VALORA табл.4 x 70mg | JADRAN |
| RECALCITON назален спреј 200U(2ml)(14дози) | REPLEKFARM | HEMOMYCIN капс. 6 x 250mg | HEMOFARM | EQUORAL капс.50 x 50mg | IVAX Pharmaceuticals | MOSMASS табл.4 x 70mg | RAFARM S.A. |
| | | AZIMED филм обл.табл.3 x 500mg | REPLEKFARM | CIKLOSPORIN ALKALOID капс.50 x 100mg | ALKALOID | ALEFOSS табл. 4 x 70mg | PHARMANOVA |

Интервју со Трајко Савески, претседател на ИО на ЗП Карпош

# Импулси за нови успеси

**На очетната седица минатиов месец истакнавте дека Програмата за 2013 година сте ја реализирале со забележителни резултати во сите области од работата и дејствувањето на Здружението. Има ли нешто посебно за издвојуување и истакнување?**

– ЗП Карпош навистина има со што да се пофали и да ги обележи постигнатите успеси. Кога станува збор за 2013 година, речиси од почетокот до крајот, имавме згуснати активности и сите планирани задачи се одвиваа со утврдената динамика од Програмата. Раководството главно беше фокусирано на тежишните активности, кои се спроведуваа во сопствена, но и во организација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Овде првенствено мислам на грижата за ранливите категории на членството и спроведувањето во практика на социјално–хуманитарната димензија, како и на реализацијата на културно–забавните и спортско–рекреативните активности. На овој план, нашето учество на ревиите на песни, музика и игри и на спортските игри на регионално и републичко ниво, беше забележително. Поддржани од СЗПМ на регионалните пензионерски спортски натпревари се покажавме и како добри домаќини, меѓутоа, имавме и други активности од областа на културата, каде што нашето здружение се појави во улога на издавач, конкретно на Монографијата по повод 35–годишнината и на книги од наши автори пензионери. Исто така, имавме обврска електронски да ја средиме евиденцијата на Здружението, но таа задача ни остана недозавршена поради нерешениот проблем со паралелното здружение Тафталиџе, околу расчистувањето на припадноста на членството. Овие работи беа истакнати и детално анализирани на отчетната седница што ја спомнавте, на која Собранието, покрај другото, заклучи дека Здружението домаќински работело и со планираните финансиски средства сите задачи успешно ги реализирало.

**Зар, се уште не можете да ги надминете недоразбирањата со споменатото паралелно здружение, дури и со постојните арбитри?**

– Напротив, се може да се надмине ако се сака, ако се има добра волја и меѓусебно разбирање. Предложениот Закон за пензионерско организирање е дециден и со неговото донесување, проблемот ќе биде разрешен, меѓутоа, зошто да се чека и да се дефокусира нашата активност, кога сите параметри се познати. Поставувањето услови не води кон решавање на проблемот. Потребно е релаксирано, разумно и со факти да се разговара, а во рамките на Статутот да се понуди и да се најде обострано прифатливо решение. Ете, ние уште еднаш ја подаваме раката и очекуваме дека ќе бидеме правилно разбрани.

**Се чини дека и оваа година ја започнавте со засилено темпо. Имате ли некои посебни задачи или ќе се задржите само на оние што ги предвидува Програмата?**

– Како членка на Сојузот нашето здружение се вклопува во Програмата и активностите на СЗПМ и негува релација на примерна соработка, како и со многу други здруженија од Републикава. Програмата за работа во 2014 ја донесовме пред да почне годината и веднаш се вклучивме во главните активности на регионално и републичко ниво, а Активот на пензионерки беше иницијатор и организатор на повеќе средби и дружења по повод минатите празници. За одбележување на оваа година, која СЗПМ ја прогласи за солидарна, направивме посебна програма во која ги назначивме активностите во социјално–хуманитарната област и дефиниравме конкретни задачи и обврски. Така, утврдивме критериуми за давање еднократна помош на членови со пониски пензии и критериуми за рекреативен одмор во РЦ Катланово со 50 отсто партиципација, а во соработка со „Негорски Бањи" склучивме договор за користење бањски услуги со намалени цени за наши членови. Инаку, во ограноците се одвиваат подготовките за претстојните регионални ревии на песни, музика и игри, како и за спортските игри, за кои, покрај интерните активности во здружението, традиционално општината Карпош оганизира таканаречена спортка олимпијада за пензионерите, која значи поддршка и помош на нашите активности, но и генерална проба за настап на регионалните и републичките спортски натпревари. Исто така, досега се реализирани планираните средби, дружења и екскурзии, кои главно се организираат според искажаниот интерес на членството и ваквите активности, покрај забавно–рекреативниот карактер, имаат цел и запознавање со културното богатство и историските знаменитости на нашата земја. Уште сакав да истакнам



дека Здружението технички се опреми и презеде мерки за современ начин на работа, со електронско водење на евиденцијата и архивирање на документацијата. Тоа стана уште попознато и потранспарентно со отворањето своја страница на сајтот на СЗПМ, така што и преку интернетот влеговме во многу пензионерски домови.

**Имате ли свој посебно препознатлив знак за вашето Здржение?**

Секако дека имаме. Наш најпрепознатлив знак во поширока смисла на зборот се нашите активности, но како пишан траг е нашето лого кое го имаме вградено во меморандумот на ЗП Карпош, како и на членските карти. Всушност, нас најмногу не препознаваат по хорот „Серенада", кој настапува на наши, но и на други општински и републички манифестации, на кои го афирмира здружението. Хорот ќе ни биде главниот адут и на претстојните регионални ревии на песни, музика и игри, на кои се надеваме на успешен настап. За овие културни активности посебна заслуга има и претседателката на Комисијата за култура Лидија Лучко Јеремиќ, која настапува со хорот но и самостојно на разни поетски средби и други манифестации успешно претставувајќи го нашето здружение.

**Која е вашата порака до пензионерите во оваа година на солидарност?**

– Мојата порака е да има повеќе активности и манифестации поврзани со одбележувањето на оваа значајна година во кои треба сите помасовно да се вклучиме и да дадеме свој личен придонес. Но, најмногу би сакал да има нови средби и дружења, да има повеќе забавно–рекреативни активности за опуштање и релаксација, за активно и здраво живеење и стареење.

**Мендо Димовски**

# Закон за дополнување на Законот за ПИО

Во Службен весник на Република Македонија е објавен Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување број 44/2014 година. Ова дополнување претставува четврта интервенција во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кој беше донесен во август 2012 година. Согласно постојниот член 100 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување во **стаж на осигурување се смета** времето што осигуреникот од задолжително пензиско и инвалидско осигурување (член 11,12,13 и 14) по наполнети 15 години возраст го поминал во работен однос, односно на работа врз основа на која е задолжително осигурен и **доколку е платен придонесот**.

Со Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување членот 100 се дополнува со нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член во стаж на осигурување се смета времето што осигуреникот до 29 години го поминал во работен однос или самовработен со полно работно време **и за кој е утврдено ослободување од плаќање на** придонесите од задолжително социјално осигурување во период до 12 месеци согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на неврабтеност."

Во членот 118 на постојниот Закон за пензиското и инвалидското огигурување се додава нов став 4 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член во стаж на осигурување се смета времето што осигуреникот до 29 години го поминал во работен однос или самовработен со полно работно време и **за кој е утврдено ослободување од плаќање на** придонесите од задолжително социјално осигурување во период до 12 месеци согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на неврабтеност, а не е задолжителен член во вториот пензиски столб.

Анализирајќи ги извршените дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување произлегува дека во прописите од пензиското и инвалидското осигурување не постои трајна системска регулатива за ослободување од плаќање придонес од пензиското и инвалидското осигурување.




Имено, постои само регулатива за општествено оправдани ситуации каде како обврзник за плаќање на пензиското и инвалидското осигурување се јавува супститут односно замена за плаќање на придонес. Тоа може да биде работно ангажирање на корисници на социјална помош, волонтерска активност, на обука по покана на органите на одбраната, на акции за спасување и др, а субјектот кој ги ангажира се јавува како обврзник за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување. Може да се каже дека **ослободувањето од плаќање на придонеси е утврдено со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност** имаат за цел да помогнат на младата поуплација при нејзино вработување од една страна, но ваквите решенија предизвикуваат евазија од неплаќање на придонесот, од друга страна. Со реформите во пензискиот систем јасно се даде на знаење дека преку пензискиот систем не треба да се решава прашањето на вработување и други социјални пршања кои не произлегуваат од задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Но, во случајот среќна околност е што ослободувањето од плаќање на придонес од пензиското и инвалидското осигурување се решенија од темпорален, односно времен карактер.

Што се однесува до новите содржани во член 2 овие осигуреници не се членови во вториот пензиски столб бидејќи за нив не се плаќа придонес за пензиското и инвалидското осигурување, односно не постојат средства кои би се префрлиле во касата на капитално финасирано пензиско осигурување (втор столб).

Пречистен текст на законот за пензиското и инвалидското осигурување е објавен во Службен весник на Р. М. бр. 53 од 11 април 2013 година.

**Станка Трајкова**

# Шахот го јакне духот на сите генерации

Сигурни докази за потеклото на шахот нема. Според едни шахот потекнува од Индија, а според други од Кина. Сепак, преовладува мислењето дека колевката на шахот е Индија. Оттаму шахот се проширил на сите континенти во светот. Во Македонија шахот почнал да се игра дури кон крајот на 19 век, кога всушност се појавиле првите шахисти и љубители на шахот. Тогаш шахот најпрвин се играл во куќи и во кафеани. По 1920 г., шахот на нашиве простори почнал да се игра поорганизирано и помасовно, особено по формирањето на првите шаховски клубови. Првиот шаховски клуб е „Вардар" во Скопје во 1927 г. Интересот за шахот особено се зголемил во 1936 г. кога во Скопје гостувал светскиот првак Александар Аљехин. Тој на 17 април, во просториите на тогашниот Офицерски дом, одиграл симултанка на 42 табли пред повеќе од 200 љубители на шахот, при што добил 36 партии, 4 ремизирал и 2 изгубил.

Посебен печат во шаховскиот живот на Македонија дадоа голем број шаховски манифестации, меѓу кои: Олимпијадата во Скопје во 1972 г.; Балканијадата во Скопје во 1984 г.; Европското поединечно првенство во 2001 г.; Европскиот клупски куп во 2009 г.; турнирите „Средба на солидарноста"; турнирите „13 Ноември"; потоа, масовните отворени меѓународни турнири во Скопје, вклучувајќи го и меѓународниот турнир „Опен Карпош", инаку еден меѓу петте најсилни турнири во Европа, а кој оваа година се одржа по четврти пат. На голем број од споменатите турнири зедоа учество околу десетина светски прваци (Ботвиник, Еве, Карпов, Петросјан, Смислов, Спаски, Таљ, Фишер ...).

Богатиот шаховски живот во нашата земја придонесе видно да се зголеми бројот на шахиститите и на љубителите на шахот, како и на освоените категории и титули. Така, денес во Македонија 9 шахисти се носители на највисоката титула – Шаховски Велемајстор (Влатко Богдановски, Кирил Георгиев, Владимир Георгиев, Драгољуб Јаќимовиќ, Роландо Кутиров, Никола Митков, Тони Најдоски, Трајко Недев и Ѕвонко Станојоски). За развојот и достигнувањата на шахот во Македонија, за угледот на татковината и за едукацијата на младите шаховски таленти голем придонес дадоа македонските шаховски доаени, сега веќе покојните Павле Бидев, Јован Софревски – легендата на шахот во Македонија, Ѓорѓи Пољаков и Ристо Ничевски. Нивното шаховско дело беше, е и ќе биде инспирација на сегашните и на идните шаховски таленти, како за нивното побрзо навлегување во тајните на шахот.

Шаховската игра особено е раширена меѓу пензионерите, претежно од машки пол. Притоа, шахот се повеќе навлегува во животот на пензионерите и станува неодминлив дел од нивните активности во слободното време. Преку играњето на шахот и пензионерите го изразуваат своето духовно богатство. Покрај тоа, оваа благородна и божествена игра за нив значи забава, разонода и релаксација, односно задоволство. Умереното играње на шахот придонесува за другарување, за стекнување на нови пријатели, а со тоа и за зближување на шахистите, потоа, за меѓусебно информирање, за развивање и јакнење на меѓугенерациска соработка и сл. Тоа, пак, придонесува за јакнење на здравјето, за активно стареење, за помалку стресни ситуации итн., што се заедно придонесува за подолг живот на пензионерите.

Имајќи го предвид ваквото значење на оваа благородна витешка вештина, СЗПМ, а во последно време и општините, презедоа низа активности за создавање на што подобри услови за организирано користење на слободното време на пензионерите. Во таа насока на шаховската игра на пензионерите и се придава големо значење. Најдобар доказ за тоа се големиот број шаховски клубови односно шаховски катчиња во голем број ограноци на пензионерите.

**Лазар Крстевски**

# Носталгија



Станав и појдов
По белиот свет
Да најдам среќа
За нашиот цвет!

И што се видов:
И голи и боси
Избледени лица
Побелени коси.

И таму се знае
За лебецот жежок
За тага и среќа
За животот тежок!

Печалбата е тешка
Немаш близок свој
Но, сѐ ќе издржам
За саканиот син мој.

Се родив човек
од татко и мајка
животот убав
како во бајка.

Пораснав, сфатив
Љубовта што е
Подарив дел
Од срцето мое.

Животот сладок
Без никаква тајна
Од таква љубов
Блесна ѕвезда сјајна.

**Вукица Петрушева**
**пензионерка**
**од Свети Николе**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VII – број 69
април 2014 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Милан Аџиевски,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.




## НЛБ Сребрен пакет

- VISA Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

## Поволности

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во сите аптеки на Зегин
- **3% попуст во ВЕРО** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката

NLB Тутунска банка

www.nlbtb.com.mk Контакт центар: 02/15-600




## Фиксна телефонија на ONE

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

ЗП Неготино

# Клубовите на пензионери на Црвениот крст во служба на хуманоста и активното стареење

Деновиве, во возвратна посета во Неготино, во Клубот на пензионерите „Анри Динан” при Црвениот крст, престојуваа триесетина членки од Клубот на пензионери „Активно стареење” при Црвениот крст од Крива Паланка.

Клуб на младите при Црвениот крст, Активот на пензионерките и други организации и институции.

Заблагодарувајќи се за срдечниот дочек, секретарот на Општинската организација на Црвениот крст од Крива Паланка, истакна дека и нивниот Клуб работи на истиот начин и реализира слични активности со што во целост го оправдува своето постоење. Во него пензионерите се ангажираат и активно стареат. Заеднички заклучот беше дека постоењето и делувањето на клубовите и нивното дејствување посебно ќе биде изразено и значајно во оваа година која е прогласена за година на солидарноста. На средбата беше потпишан Меморандум за понатамошна меѓусебна соработка, а потоа следуваше заедничко разгледување на градот и посета на Музејот на град Неготино. Заедничкото дружење продолжи во разгледување на манастирскиот комплекс „Свети Ѓорѓија”. Средба во која се склопија нови познанства и пријателства заврши со договор за довидување во Крива Паланка.



На гостите најпрво срдечно добредојде и пријатен престој им посака секретарот на Општинската организација на Црвениот крст, **Блажо Настов**, а од името на членовите на Клубот, гостите ги поздрави координаторот на Клубот домаќин – **Петар Стефанов**. Тој истакна дека Клубот е формиран пред повеќе од 4 години во рамките на Проектот за интензивна надградба на капацитети (ИНК) со цел да се искористат животното и работното искуство, како и слободното време на пензионерите за нивно активно вклучување и придонес за поуспешно остварување на хуманата мисија на Црвениот крст. Клубот го доби името по големиот хуманист и основач на Црвениот крст – швајцарскиот трговец Анри Динан. Во Клубот членуваат околу 30 активни членови, а во одредени активности учевствуваат многу повеќе пензионери и волонтери од разни возрасти. Членовите активно се вклучени во реализацијата на сите програмски активности на Црвениот крст, посебно во социјално–хуманитарната и здравствено–хуманитарната сфера како и во културното живеење, спортот, рекреацијата, едукацијата, екологијата и друго, а активностите се реализираат во тесна соработка со многу активниот



**П. Стефанов**

Средба со претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев

# Уште една плодна година со многу активности и резултати

Поминаа три години откако беше избрано новото раководство на ЗП Штип и Карбинци со претседателот Михаил Василев, кој како економист наметна забрзано темпо и реализација на зацртаните цели и задачи. Покрај реконструкцијата на покривот, се реновираше и клуб бифето, се извршија поправки во стамбениот дел, се реновираа канцелариите и салата за состаноци, кои не беа обновени откако е изграден домот и уште многу други активности со цел животот на пензионерите во Штип и Карбинци да биде подобар и поквалитетен.

**Најнапред претседателе Василев, кажете ни дали сте задоволен од сработеното?**

– Изминатата 2013 година за мене е најплодна година во мојот мандат. Изградивме три пензионерски дома во сопственост на Здружението. Ги организиравме 18–тите Републички спортски игри на пензионерите, кои беа голем настан за сите во Штип, а посебно за нас пензионерите. Добивме локација и клуч на рака од ресторанот на АРМ од локалната самоуправа, каде се планира надградба и доградба на соби и гарсониери за 100 пензионери. Во тек е издавање документ со кој домот ќе биде даден на трајно користење на пензионерите. Се надевам дека пролетва ќе ставиме камен темелник.

**Пензионерите се популација која има енергија и потреба за активности и дружења.**

– Пензионерите сакаат дружења и посета на културно–историски споменици и манастири. Тие учествуваа на манифестацијата „Бабино блакце” во Велес, на „Зелникот на баба” во Пробиштип, „Симит ем татли” во Радовиш и „Штипска пастрмајлија” во Штип, при што беше посетен археолошкиот локалитет Баргала. Посетата на манастири и дружења на зелено, се најмасовно посетени и најбарани од пензионерите. Пензионерите од ЗП Штип и Карбинци беа во: Ранќанци, Бели, Пелинце, Лесновскиот манастир, на Матка и дружења со пензионерите од Благоевград и Мелник од Р.Бугарија.

На културен план нашата музичка пензионерска група имаше настапи во повеќе градови: на манифестацијата „Пензионерите пеат” и на завршната Републичка ревија на песни, музика и игри во Универзална сала во Скопје, што ја организираше СЗПМ. Групата




имаше настап и на Штипското културно лето 2013 и на манифестацијата „Дружење со песна” по повод Сесловенските просветители браќата Ќирил и Методија, каде настапија групи од 12 Здруженија од Републикава. На оваа културна манифестација присуствуваа градоначалникот на Општина Штип, Илчо Захариев, функционери, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и претседатели на повќе здруженија. Поетите присуствуваа на поетските манифестации во Штип и на „Музичко поетско милје” во Куманово.

На спортски план имавме повеќе локални турнири во шах и мал фудбал, учествувавме на Регионалните спортски игри во Радовиш каде освоивме повеќе први, втори и трети места. Домаќини бевме на мини пензионерската олимпијада во единаесет дисциплини, што ја организираше СЗПМ. Како домаќини добивме пофалби за организацијата. Спортистите и хористите, заедно со раководството, овој успех го заокруживме во хотел „Ваго” во Штип, со што го одбележавме денот на пензионерите.

**Кои активности ќе ги преземе здружението на социјален план во оваа година?**

– Знаеме дека пензионерите се популација на која им е потребна нега и помош и добра здравствена заштита. Затоа помагаме бањски лекувања со 30% партиципасција, доделуваме парична помош за болничко лекување и лекови и друго. Организираме предавања за превентива од одредени болести со познати лекари и предавања за безбедност со полицијата во Штип. Учествуваме во проекти со најмладите каде бабите и дедовците ги поучуваат децата на нашите стари игри. Соработуваме со Црвениот крст и локалната самоуправа. Активот на пензионерки организираше посети на стари изнемоштени лица на кои посетата им значи многу и на деца со посебни потреби на кои им беа однесени пригодни подароци. Од ова може да се види колку активно работело и работи раководството на ЗП Штип и Карбинци.

**Активностите на ЗП Штип и Карбинци, како и Вашите како претседател, не останаа незабележани од Локалната самоуправа и градоначалникот на Општината. Добитник сте на традиционалното признание „19-ти декември”. За какво признание станува збор?**

– На 19–ти декември 2013 годинана, на Свети Никола – патронот на градот Штип, на свечена седница ми беше доделено признанието „19–ти декември”, признание што се дава за посебен придонес и постигнувања за афирмација на општина Штип. Заблагодарувајќи се за признанието, истакнав дека е тоа плод на добрата соработка на целиот раководен тим со сите пензионери со Локалната самоуправа но и соработката и големата поддршка од страна на СЗПМ на чело со претседателот Драги Аргировски.

Признанието е уште еден поттик за понатамошна успешна работа и постојано ангажирање, се за доброто на сите пензионери и позитивна афирмација на градот Штип.

Морам да дополнам дека посебно значење за мене има признанието што го добив од моите соработници, кои на седница на ИО едногласно предложија и ми доделија благодарница за успешно работење и раководење со Здружението.

Неодамна, на седмата седница на Собранието на ЗП Штип и Карбинци, едногласно беше усвоен Извештајот за работата и завршната сметка на здружението за 2013 година, при што беше истакнато дека раководството работело вредно и домаќински.

**Цвета Спасикова**

# Секој збор - алтан

Секој збор–алтан велеше баба, за својата прва внучка. Не дека дрдорливите не се во мода денес но, јас долго време не можев да одгатнам како таа реченица ме дефинира мене, кажана од близок и мил човек, како баба. Нејзиниот збор имаше голема сила и влијание кај мене нели, штом сум го запаметила и штом неговото одгатнување зазеде голем дел од мојот живот. Се прашувам зошто зборот на некои луѓе има голема сила? Затоа што оној што го проговорил има љубов и се жртвува за ближните. Уште еднаш, зошто само таков збор, реченица, исказ, став имаат таква градителска моќ? Мене подвигот на мојата бабичка која беше со многу мало образование, ми го изгради животот на позитивна основа. Немам читано многу биографии на познати и успешни луѓе но, од некои радио и документарни емисии (во кои беше прикажан еден успешен парижанец во селската куќа во која се родил и израснал) се појавува една загадочна мисла за вредностите. Патем, парижанецот раскажуваше за своето детство во селото, за ближните и за средбата со Париз преку некоја корица од книга во неговата родна куќа на која била нацртана токму улицата во која тој денес живее и работи во Париз. Не е важно како се вика и кој е точно тој човек. Примери како него има многу. Всушност загадочноста на мислата која сакам да ја изнесам и формулирам, со текот на времето станува се повеќе и повеќе јасна. Кај мене долго време имаше премногу прашања. Но, времето и искуството покажуваат што е вредност. Знаеме како беа изградени генерациите на нашите баби и дедовци. Тие успеаа не така лесно но, со голема верба, посветеност и ентузијазам да изградат чесни и здрави поколенија. Знаеме кои беа вредностите кои им ја дадоа градителската сила на нашите баби и дедовци. Сила и моќ? Што е тоа? Не дека самите не грешеа. Но, јас сум им благодарна на она делче од традицијата која ми ја пренесоа. Мало делче, збор, натопено со сила и моќ. Значи иако ние македонците немавме држава, иако мојата баба немаше завршено школо таа знаеше за и живееше со љубов и жртва и нејзините зборови имаа градителска моќ. Не разрушуваа, не убиваа, не развратуваа... не... не... Вредностите засновани на вистината се вредности кои остануваат засекогаш и врз кои може да се гради. Вистината! Чуден збор! Нели! Па има многу вистини, одговараат разблажените и разводнетите и раслабените луѓе кои велат дека е неможно да се спознае таа – вистината? Имам такви луѓе во мојата околина за кои мерата е нешто што неможат да го вградат во својот живот. Ја изгубиле мерата зашто ја изгубиле верата дека постои вистина и дека е спознатлива.

Да се вратиме на традцијата, би бил прост слоган кога не би постоеле селските куќи во преубавите села во кои раснеа нашите родители. Исто така, и писателот и авијатичар во исто време Антоан де Сент Егизпери немаше да напише во бајката „Малиот принц” дека добро се гледа само со срцето, вистината е невидлива за очите. Човекот е чудна машинерија! Гледа со очите, разбира со срцето... гради со љубовта, повикан е на жртва...

Внуците, или некои од нив успеаа да се задлабочат во наследството на зборот од нашите предци, нашите мили, кои не изгледаа. Понекогаш е доволна една приказна, една песна, една љубовно искажна мисла, па да ти се даде материјал за внатрешен дијалог, а тоа е значаен дел од созревањето. Уште подобро, испеаната песна, оти гласот ги покажува нишките на душата исполнета со љубов. Мајками пееше – ќе рече некој или дедо ми пееше, значи бил среќен. Или играше, беше спокоен и во неговиот спокој одекнуваше спокојот на вселената. Како инаку во дневната врвулица ќе ги спознаеме архетипите? Првите слики, начелата, причините? Мисла, збор, песна, што било искажно во спокој дава трајна вредност и изградува. Во ората одекнува хармонијата на сè создадено. Во носиите разбликнува совршеноста на дарбата на човекот. Но, и сè друго, а го има толку многу.

Традицијата за жал времено насилно беше прекината и нашите родители кои беа убедувани дека со рушење се постигнува саканото беа излажани. Ним им е тешко суштински да се вратат и да ја исполнат и формата преку која се зачувува традицијата. Ако не и веруваме на улицата во која израснавме, или на селското сокаче или ако парчето предание натопено со преданиските доблести не го свиткаме како навезено со љубов и жртва перниче и не го ставиме под главата секогаш кога легнуваме, за преку ноќта да не чуваат луната и сребрените ѕвезди кои отсекогаш светеле над главите на сите луѓе кои потонувале во сон... тогаш што ќе биде мера и што, баш се прашувам што ќе има градителска моќ во нашиот живот? Дали ќе признае некој од оспорувачите дека го прекинал својот внатрешен дијалог и се предал потполно на надворешното и дека сè се гледа само со очите? Да не ја заборавиме, мерата, да не ја заборавиме вистината и да не ја заборавиме тајната? Една куќа, една книга, една песна, еден збор... доволно е.

Како ќе им зборуваме на нашите млади луѓе за вредностите? Не ние не треба да станеме нешто друго од она што веќе сме. Дали претходниот негативен во многу нешта социјалистички период сега треба ли да се исполни со недефинирани влијанија и деструкции? Тоа е само лавиринт кој треба да се избегне. Венецот го добива само оној кој во трката ќе успее да ја зачува облеката на своето тело и душа и да ги сочува чисти. Идеали и вредности, зарем има нешто такво би се зачудил младиот човек на кого е иднината? Па зарем не е се толку обесветено и на потег на раката?

Дали сме го поттикнале внатрешниот дијалог кај децата и младите? Дали сме ги инспирирале на вредност и идеали, дали сме им поставиле позитивни загатки? Дали нашиот живот има изградувачка моќ, па така и нашиот збор, мисла, песна... Дали зрачиме со спокој и хармонија или со нивните спротивности?

Затоа баби и дедовци, сегашни пензионери и пензионерки вие кои ја задржавте или и се враќате на сопствената традиција или можеби сè уште се двоумите да најдете современ израз на сведоштвото на поколенијата за изворот на добрините и љубовта која тлее, понира и извира во душите на сите, внимавајте што ќе им зборувате на своите внучиња, како, со какво чувство, израз на лице и значење. Можеби и без да знаете некоја ваша забелешка, реченица, опис на нечиј карактер или однесување ќе им донесе на вашите најмили животна добит.

Во ваша одговорност е за што ќе зборувате, а се надевам дека ќе бидете доволно оригинални и креативни. Потрудете се, ако не сте го сториле тоа, раскажете нешто, доловете некој момент од вашето паметење. Народна мудрост па што! Градете! Уште од мали нозе на внучињата треба да им ја претставите онаа стварност која ги очекува, она што тие треба да станат, домаќини и домаќинки, мајки и таткови. Почнете да градите семејни вредности. Помогнете им да успеат да почнат да ја градат својата идентификација. Самоидентификација нели, што има лошо во тоа, напротив ништо лошо. Треба да се сака народот, треба да се сака семејството, треба да се сакаат луѓето.

**Маја Белева**

## И староста е убава

Старост, што е тоа!?
Дали е нешто тешко или страшно!?
Се прашував многупати.

Когареката на животот
ме донесе во водите на староста,
одговрот сам си дојде.

Па, тоа е само остварување
на убавиот животен сон,
да се доживее староста.
Бинго на животот, круна на младоста!
Младост, кога создадовме семејство.

Убавината ја чини хармонијата во
семејството.
Посебни чувства и доживувања се
доаѓањето на внуците и нивното обраќање.
– Дојдовме да ве видиме и испочитуваме.
А топлината што го облева срцето
и исполнува душата е лек за староста.

Староста, ниту обелената оретчена коса
која при најмало ветре се лелее,
ниту пак нежните и нечујни чекори,
се пречка за прошетка и дружење.

Пак, како во младоста си разменуваме
рецепти.
Но,тогаш беа за торти и колачи.
Сега, рецептите се за чаеви од лековити
билки.

Понекогаш си правиме шега.
Па, ние старите станавме англичани, европ–
јани
пиеме чај во пет поручек, исто како и тие.

И староста има своја дружба,
рака под рака оди со заборавноста.
Многупати партнерот ќе праша
– Ти дадов ли бакнеж за добро утро или
добра ноќ?
Со блага насмевка, одгворот е
– Не знам, не се сеќавам, ајде да
пофториме.

Взаемната почит и љубов негувани со години,
како и ведриот дух влијаат староста да е
убава.

Борјана Ралиќ
пензионерка од Куманово

ЗП Прилеп

# Лани беше добро, а годинава ќе биде уште подобро

На Деветтата седница на Собранието на ЗП Прилеп, членовите го прифатија Извештајот за работата на органите, телата и комисиите за минатата 2013–та година. Извештајот најпрво беше разгледан пред Извршниот одбор на ЗП Прилеп, а по него непосредно се изјаснија и пензионерите преку посебни седници на сите 21 огранок, колку што ги има Здружението. Покрај многуте теми по кои се расправаше во минатата година на седниците на ИО беа разгледани и повеќе актуелни прашања што ги поставуваа пензионерите од витално значење за нив. Секако посебен интерес е посветен на редовното исплаќање на пензиите, нивното усогласување, редовното снабдување со лекарствата. Во извештајот посебно место зазема и позитивното финансиско работење на ова мошне активно Здружение. Набројени се такаречи сите активности што биле организирани од страна на Комисиите, посебно за култура, спорт, како и учеството и активностите на двете културно–уметнички друштва: „Пенка Котеска" и „Пензионер".



– Лани работевме добро и доста домаќински, рече на почетокот од своето излагање претседателот **Кирил Ѓорѓиоски**, а за оваа година со средствата што ги имаме на располагање и она што на одреден начин успеавме да го заштедиме за годинава, ќе работиме уште подобро и поактивно. Ќе се трудиме како Здружение да им го олесниме животот на одредени социјални категории на пензионери. За годинава имаме планирано да поделиме 850 илјади денари за еднократна помош. Минатата година поделивме 650 илјади, а годинава 200 илјади денари повеќе. Исто така, ќе се залагаме што повеќе пензионери да отидат на бањско и климатско лекување, на екскурзии, што ќе бидат организирани и друго. Ќе учествуваме и на регионалните и државните спортски и културни пензионерски средби и уште многу други активности – најави во својата реч, претседателот Ѓорѓиоски.

Во расправата по извештајот зедоа учество повеќе членови, кои се интересираа за одредени прашања, а собранието ја разгледа и прифати Спогодбата за уредување на финансиските односи во здруженијата и СЗПМ.

**К. Ристески**

ЗП Кичево

# Заложба за поголем успех

Деновиве Здружението на пензионерите од Кичево ја одржа својата отчетна седница за 2013 година. Со седницата раководеше претседателот на Собранието **Мехмед Мехмеди** кој ги поздрави делегатите и гостите на Собранието.



На седницата прв говореше претседателот на ИО на ЗП Кичево **Љубомир Лукароски**, кој меѓу другото рече:

– Во минатата година ви ветив дека ќе се залагам за успешна работа, а тоа и го исполнив. Во 2013 година за прв пат работевме позитивно и бележиме и остаток по завршната сметка, а ве уверувам дека ќе ставиме крај на лошото работење во Здружението.

Членот на Извршниот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија, **Душан Ристоски** говореше за работата на Сојузот во 2013 година, притоа истакна дека СЗПМ целосно се залага за животот на пензионерите било каде и да се. Посебно, истакна Ристоски, дека основната задача е редовно примање на пензиите како и нивно усогласување со животните трошоци, се залага за целосно ослободување на пензионерите од партиципација во здравствената заштита, како и изработката на социјалната карта која треба да се воведе во сите здруженија на Сојузот.

На седницата стана збор и за новата пензионерска партија. Во дискусијата беа осудени произволните обвинувања за Сојузот. Со свои дискусии учествуваа, секретарот на Здружението **Добре Лазарески** како и претседателката на Активот на пензионерките, **Ангелина Ристоска**. Членот на Собранието **Милан Костадиноски** постави повеќе прашања во врска со организираниот превоз што го користат пензионерите од Скопје и Битола, која привилегија треба да ја имаат сите пензионери, односно треба преку ЗЕЛС да се најде решение преку локалната самоуправа и за кичевските пензионери.

По овие дискусии беше едногласно усвоена завршната сметка за финансиското работење за 2013 година, како и извештајот за работа, како и Програмата за 2014 година.

**А. Ристоска**

ЗП „Солидарни пензионери" – Илинден

# Реализирање на програмата

„Нашето Здружение спаѓа во групата помали здруженија на пензионери во републиката, кое брои околу 1800 членови, организирани во четири огранока во населените места: Кадино, Илинден, Марино и Миладиновци и четири клуба. Во изминатата година се постигнати значајни резултати во сите сфери од работата"– истакна претседателот **Цане Антовски** на отчетната седница на Собранието на ЗП, што се одржа неодамна во просториите на огранокот во Марино. На оваа седница се разгледаа извештаите за работата на Здружението, на Надзорниот одбор и финансиското работење во 2013 година, како и Програмата за работа и финансискиот план за 2014 година, кои, без забелешки, беа усвоени.



Извештај за работата на Извршниот одбор поднесе претседателот **Мирослав Стојановски**, при што нагласи дека Одборот, комисиите, работните тела, како и месните клубови и огранoци, во целост ја имаат реализирано зацртаната програма. Во однос на соработката со Локалната самоуправа искажа големо задоволство со постигнатото ниво, а посебно со градоначалникот Жика Стојановски. Потоа истакна дека Комисијата за спорт и рекреација е една од најактивните во Здружението, иако се постигнати забележителни резултати и во другите области, како што се здравствената заштита, културно–забавниот живот, рекреацијата и друго. Тој ги нагласи и хуманитарните активности, како и доделувањето еднократни неповратни парични средства на социјално–загрозени и болни пензионери.

Општ заклучок на Собранието беше дека во минатата година се постигнати позитивни резултати во сите области, а на подобри успеси се надеваат и оваа година, во која се потенцира поголема заложба за отворање нови клубови.

**В. Пачемски**

ЗП Струга

# Успешна 2013 година

Во присуство на преставници на ЗП Дебар, Вевчани, Охрид и Дебрца, Поградец – Албанија, Лабуништа, и преставници на Борците и Општинскиот Црвениот крст од Струга, Собранието на ЗП на Струга, на 22 март, ја одржа својата четвртата отчетна седница за 2013 година. Седницата ја отвори и присутните гости ги поздрави претседателот на Собранието Луман Положани.

Извештајот за работа во 2013 го образложи членот на Извршниот одбор **Идриз Сеља.** Тој потенцираше дека Програмата за работа за 2013 година остварена е во целост. Реализирани се сите програмски задачи и цели. Реализирани се, рече Сеља планираните еднодневни излети, учеството на фолклорните ревии, спортските натпревари, дадена е еднократна парична помош на социјално најзагрозени пензионери и друго. Успешно беше оценето финанско работење кое се одвивало економично и домаќински за што зборува и остварениот вишок на средства кои според одлуката на собранието ќе бидат пренесени за тековно работење на здружението во 2014 година.



Општа беше оценката на членовите на собранието дека здружението работело добро, особено по доаѓањето на актуелното раководство.

Во пошироката дискусија не изостанаа позитивните оценки дека СЗПМ многу направило за подобар и подостоинствен живот на сите пензионери.

Откако едногласно беа прифатени извештаите за работа на органите и комисиите, Финанскиот извештај за минатата година, како и Програмата за работа во 2014 година, членовите на Собранието ја прифатија Одлуката за припојување на семејните, старосните и воените пензионери, досегашни членови на ЗП Струга, кон новоформираното Здружение на пензионери на Вевчани.

Седницата на Собранието имаше и свечен карактер, бидејќи беше потпишан Меморандум за соработка меѓу ЗП Струга и Општинскиот Црвен крст, а го потпишаа претседателот на стружките пензионери Луман Положани и секретарот на Црвениот крст на Струга, Адхуриме Даути. **К.Спасески**

ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје

# Домаќинско работење



ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје на 4–ти април 2014 година ја одржа отчетната седница во проширен состав, на која покрај членовите на Собранието, беа присутни и претседателите на ограноците, членовите на Надзорниот одбор, претставници на здруженијата од Кисела Вода, Ѓорче Петров, Аеродром, Тетово и Гостивар.

Членовите на Собранието го разгледаа и едногласно усвоија Извештајот за работата на Извршниот одбор на здружението на пензионери, Финансискиот извештај на приходите и расходите на здружението Тафталиџе ДДД – Скопје за 2013 година со Извештајот на Надзорниот одбор, како и Одлуката за усвојување на финансискиот извештај на приходите и расходите на здружението за 2013 година.

Воведни напомени по предложените материјали поднесе секретарот на здруженето, Павле Василески, тој нагласи дека одржувањето на отчетната седница на ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје се совпаѓа со шестгодишното постоење кое започна од нула и денес брои 6.500 пензионери. Иако се срекаваше со мноштво проблеми, главно тие успешно се решаваат благодарејќи на ангажираноста и несебичното залагање на панзионерите од шесте ограноци. Интересот и трендот за зголемување на членството и натаму продолжува што говори дека раководството на здружението успешно и домаќински ги спроведува зацртаните задачи и затоа постојано чекори напред. Извршниот одбор како колективен орган лани одржа осумнаесет седници, од кои повеќето во проширен состав со претседателите на ограноците, заради учество во работата на здружението и непосредно информирање за донесените одлуки, заклучоци, а напатствија на ИО. Преку своите членови се информираат шесте ограноци за нивно натамошно постапување. Во продолжение на седницата на собранието во врска со остварените приходи беше нагласено дека Извршниот одбор домаќински и рационално ги трошеше во согласност со планираните расходи за минатата година. За одвијањето на успешна работа е дека комисиите на ИО во минатата година успешно ги реализираа програмските активности на ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје, беше нагласено во богатата дискусија на Собранието. **С. Билински**

ЗП Берово

# Нови активности

Здружението на пензионерите од општината Берово го одржа своето годишно собрание. Како гости на седницата присуствуваа и претседавачот на Советот на општината Берово, претставници на општината Берово и други.



Покрај останатите точки на дневниот ред се најдоа и Предлог програмата за работа на здружението и Предлог буџетот за 2014 година.

Во Програмата за работа за годинава, која што беше еногласно усвоена, покрај другото е наведено дека здружението во 2014 година ќе се ангажира на полето на инвестиции за доизаокружување на системот за соларно греење во зградата на Домот на пензионерите во Берово. Тоа значи дека со средства од сопствени извори и донации ќе се заврши системот за користење на сончевата енергија. Засега, во домот енергијата од сонцето се користи за загревање на водата за санитарни потреби на корисниците.

За беровските пензионери годинава е значајна и заради тоа што треба да се покаже како добри домаќини на своите колеги од регионот бидејќи здружението ќе биде домаќин на две манифестации: Регионалната пензионерска ревија и на Регионалните пензионерски спортски натпревари.

Исто така, во работењето на здружението посебно место ќе е биде дадено и на меѓународната соработка. Тука посебно внимание ќе биде посветено на веќе воспоставената соработка со пензионерите од општината Милкрево во Република Бугарија. Соработката се планира да биде збогатена на културен, спортски и друг план.

Според рекапитулацијата на приходите и расходите за 2013 година, здружението годината ја заврши успешно.

**Д. Ролевски**

ЗИП Куманово

# Постигнати позитивни резутати

На 3–ти април 2014 година, Здружението на инвалидски пензионери од Куманово ја одржа својата редовна годишна седница која во исто време беше и изборна бидејќи заврши четворогодишниот мандат на претходното раководство.

Пред делегатите беше даден отчет за досегашната работа. Претседателот на здружението поднесе Извештај за работата и за финансиската состојба, а Надзорниот одбор поднесе своја оценка за работата на здружението. Во дискусиите по извештаите имаше забелешки за недомаќинското работење на раководството до 2011 година и пофални зборови за 2012 и 2013 година, кога е извршена промена на дел од раководните органи во вонредното изборно собрание. Оттогаш во здружението се стабилизира и финансиската и организационата состојба. Консолидирано е членството, а на одредени пензионери им е помогнато да одат на бањско лекување во Негорски Бањи, со попуст од 10 % односно 20% во вонсезонски период. Исто така, на неколку пензионера им е помогнато да се снабдат со огревно дрво по пат на уплата преку месечни рати.

Во извештајот беше потенцирано дека здружението на своето членство редовно му дава појаснувања и информации за нивните права пропишани со законските регулативи како и одредени поволности што ги нудат одредени јавни установи или компании.

Посебно се истакна задоволството од страна на пензионерите за начинот на организирање рекреативни прошетки со посета на планински и историски места. Позитивна беше и оценета и воспоставената соработка со соодветни здруженија во соседна Република Србија, со напомена таа да стане традиционална и по можност да се оствари соработката со соодветни здруженија и од други соседни земји.

На крајот Собранието избра ново раководство и усвои финансиски план и програма за понатамошна работа на здружението во 2014 година.

**С. Стефановски**

ЗП Радовиш и Конче

# Разубавен дворот на пензионерскиот дом

На 21–март, денот на пролетта, а под мотото „Македонија – Земја на цветот, Земја на розите", околу четириесетина пензионерки од ЗП Радовош и други жени од градот, заедно работеа и се дружеа во дворот на пензионерскит дом, при што засадија дваесетина чемперс дрвца, обезбедени од Македонски Шуми – Плачковица, а го збогатија и паркот со неколку бели рози. Со тоа учесниците во оваа акција придонесоа да се разубави дворната површина на домот но и да се подобри еколошката состојба во Радовиш, која ќе ја почувствуваат сегашните и идните генерации.



На учесниците во оваа акција им се обрати претседателот на ЗП **Јордан Костадинов**, кој зборуваше за пензионерското организирање, за значењето на еколошките акции и за потребата од меѓугенерациска соработка. Потоа тој посебно ги пофали пензионерките кои редовно учествуваат во разни хуманитарни, еколошки и други општествено–корисни активности, докажувајќи дека се уште се витални и полни со енергија, дека секогаш и секаде се присутни и им служат за пример на помладите.

Председателката **Павлина Чабукова** со задоволство зборуваше за работата на Активот на пензионерки кои и досега редовно и масовно учествуваа во сите организирани акции по повод Денот на дрвото.

Во овој убав пролетен ден во општините Радовиш и Конче беа организирани акции во сите основни училишта, СОУ „Коста Сусинов" и во Рудникот Бучим. Се на се, беа засадени многу рози и украсни дрвца, насликани многу пејсажи со мотив од пролетта, напишани многу еколошки пораки, со што до полн израз дојде креацијата на секој поединец.

**Лилјана Младеновска**

# „Village Games" 2014 - Игри од македонската традиција и култура

Македонската добротворна организација во соработка со пензионерските групи од западниот и северниот дел на Мелбурн организираше „Игри од нашето детство" или така наречени "Village games". Целта на овие игри беше да се промовира активното стареење кај повозрасното македонско население кое живее во Австралија со активности кои се блиску до македонската традиција и култура.

Игрите се одржаа на 30–ти март 2014 во манастирот Свети Прохор Пчински во Донибрук. Во рамките на истите, се играа повеќе игри: шах, дама, царица, петкамен, трчање на 50 метри, игра со обрачи, беќот, погодување гатанки и друго. Интересот за учество во овие игри беше огромен, а учесниците кои победија, добија сертификати за освоени прво, второ и трето место.





На манифестацијата присуствуваа над 400 гости и учесници, меѓу кои имаше преставници на Македонската заедница, градоначалникот на City of Whittelsea – Мери Лалиос и други, кои топло ги поздравија на овој настан.

Изразуваме голема благодарност до Билјана Становеска, претставник на Македонската добротворна организација од Порткембла, Нов Јужен Велс, која ни предаде знаме со 5 ѓевреци наредени како знакот на Олимписките игри, кое беше изработено пред неколку години кога започна реализацијата на идејата за организирање на овој прекрасен настан, бидејќи „Village games" претставуваат еден вид пензионерски олимписки игри на кои пензионерите – Македонци кои живеат во Австралија, се потсетуваат на детските години и на старите краишта, а притоа активно стареат.

Посебена благодарност и до Отец Гаврил кој ни овозможи овие игри да се одржат кај манастирот Свети Прохор Пчински.

Исто така, би сакале да изразиме благодрност и до Австралиската Влада која ни обезбеди средства за организирање на овие игри, ставајќи не и нас во својот проект „Програма за здраво страеење", како и до City of Whittelsea кој донираше 500 шишиња вода и „Газоза – Гоце Ристевски" за донираните сокови.

**Наде Ристевска,**
**Special Projects Coordinator**

ЗП Демир Хисар

# Екскурзија за паметење

Во рамките на програмата за 2014 година на ЗП Демир Хисар се одвиваат многубројни активности. Во убавиот пролетен ден на 5–ти април Демирхисарските пензионери беа на еднодневна прошетка во соседна Република Албанија. Автобусите со 170 пензионери и пензионерки, тргнаа во раните утрински часови. Се патуваше покрај брегот на Преспанското Езеро каде што демирхисарци беа воодушевени од прекрасната глетка на околните планини, езерото и островот Мал Град кој се наоѓа во албанскиот дел на езерото, веднаш до селото Пустец. Од Пустец се продолжи кон градот Корча, најголем во југоисточна Албанија, каде имаа пријатна прошетка и панорамско разгледување со посета на големиот плоштад, а беше посетена и преубавата црква. Во попладневните часови се тргна кон Поградец, убав град на брегот на Охридското Езеро каде по долгото разгледување и уживање во убавините на езерото, на менито ги чекаше надалеку познатата охридска пастрмка. Повеќето од пензионерите, за првпат ги посетија овие градови и беа воодушевени од она што го видоа. Овој ден кај сите нив остави незаборавен впечаток, а од еднодневната екскурзија понесоа прекрасни убави спомени овековечени со фотографии.



Претседателот на ЗП Демир Хисар, Пере Петрески изрази задоволство од успешно организираната и реализираната екскурзија и ова лето најави посета на водопадите во Воден,во Република Грција.

**Зоран Стевановски**

ЗП Битола

# Активности по повод годината на солидарноста

Согласно оперативниот план на ЗП Битола, за активности кои ќе се реализираат во 2014 година, како година на солидарноста, а согласно заклучокот на СЗПМ за реализирање на активности по овој повод, на 26.03. 2014 година, во просториите на здружението, се одржа средба на пензионерите со претставници на организации и асоцијации од градот, на која се разговараше за проблемите со кои секојдневно се среќаваат членовите на ЗПБ, како и дообјаснување на воведени новини од страна на државните институции.

На покана на раководството на битолските пензионери на состанокот присуствуваа: Д–р Васко Најдовски, директор на Клиничка болница Битола, Лидија Настевска претставник на Социјални грижи, задолжена за работа со пензионери, Бранка Стојановска, директор на подрачната единица на фондот за ПИОМ, Марица Тодоровска, директор на пензионерскиот дом "Сју Тајдер", Битола и д–р Соња Трпезанова, заменик директор на Клиничка болница Битола

Интересот беше очигледен во преполнетата сала, а прашањата насочени кон остварувањата на правата и привилегиите на битолските пензионери, како што се: болничкото лекување, проблемот околу новиот метод за закажување кај лекар специјалист „мој термин", можности за бањско лекување, висината на пензиите и друго. Повиканите лица за секое прашање дава посебен одговор, или посочуваа на нивно решавање, согласно законот. Сепак, покрај другите, очекувано, најголем број прашања беа поставувани околу начинот на лекување и трошоците за лекови.

– Ова досега не беше практика, или ретко се случуваше. Сметам дека вакиве состаноци се од исклучително значење, ако се знае дека нашите членови се секогаш отворени и јавно ги изнесуваат проблемите. Ова, особено, кога одговор на поставено прашање се добива директно од стручно лице, од областа за која е интересот. Во нашиот оперативен план, во годината на солидарноста, планирани се повеќе вакви и слични средби. Резултатите ќе се сумираат на крајот од годината, кога и ќе се цени нивната успешност, – вели **Томе Илиовски**, претседател на ЗПБ.

И во разговорот по завршениот состанок преовладуваше мислењето за потребата од почести вакви состаноци, со претставници кои имаат допирни точки со пензионерскиот живеење.

**Добре Тодоровски**

ЗП Берово

# Пролетна раздвиженост

Хуманитарни предвелигденски пакети за послабо материјално ситуираните пензионери беа доделени од страна на Здружението на пензионерите од општина Берово. Пакети добија 26 пензионери и нивните семејства.

Во здружението се во тек подготовките за одржување на две регионални манифестации: Регионална музичка ревија и Регионални спортски игри. Ревијата е планирано да се одржи на 3 мај, додека пак спортските игри на 14 јуни.

На средбата на претседателите на здруженијата на пензионерите од Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово, која беше одржана во Берово беше заклучено дека беровското здружение ги исполнува условите за оддржување и на двете манифестации.

Во беровското здружение се во тек и активности за спроведување на екскурзија со посета на Охридското Езеро во рамките на територијата на Република Албанија. Екскурзијата е планирано да се реализира од 19 мај годинава и да трае 3 дена.

**Д. Ролевски**

# Бабините зелници предизвик за неколку илјади сладокусци

Во март, на првиот пролетен ден, на градскиот плоштад во Пробиштип, над 2.000 гости и учесници беа дел од манифестација во Македонија „Зелникот на баба", која за три години, од општинска, прерасна во Републичка. Годинава овој неодминлив македонски специјалитет, беше предизвик на градскот плоштад да се соберат претставници на над 30 општини од нашата убава Македонија и токму овде во овој мал, но прекрасен град да се понуди „Зелникот на баба", оној што го сукале и го оставиле во аманет нашите предци. По вкусот на зелникот испечен под вршник, допатуваа и учесници од Скопје и Штип, а не останаа рамнодушни и претставниците од мировниот корпус кои волонтираат во Пробиштип и Чешиново–Облешево. Кели и Зак не ја криеја големата радост што им се пружила можност да бидат дел од една ваква манифестација, да понудат и тие јадења што ги научиле во Македонија. Велат дека вакво нешто не виделе, дека се многу среќни и дека ова е најубавиот момент во нивниот живот и долго ќе раскажуваат во нивната земја кога ќе се вратат. Тие овој ден го доживеале како дел од волшебната земја Македонија, која никогаш нема да ја истиснат од своите срца.

На третата по ред манифестација „Зелникот на баба", освен претставниците од Вешта жена, Организацијата на жените „Веселите Пензионери", Слоу Фудот (бавна храна), Злетовчани и детската градинка од Пробиштип, со задоволство своите специјалитети ги понудија и пензионерките од ЗП Куманово, Крива Паланка, Скопје, Кратово, Штип, Неготино, Велес, Кочани, Македонска Каменица, Чешиново–Облешево, Делчево, Прилеп, Свети Николе, претставнички на жени волонтерки и членки на клубовите на пензионери при општинските организации на Црвениот Крст на Крива Паланка и Неготино, претставнички на пензионерите од ЗП ОВР Скопје и други.

Од име на организаторот, Општина Пробиштип, присутните ги поздрави и им посака топло добредојде раководителот на одделение за јавни дејности при Локалната самоуправа Радослав Илиевски, кој, покрај другото рече дека ова е убав начин да се навратиме на минатото, да го промовираме најстариот и највкусниот зелник, оној бабиниот, испечен под вршник...



Над 200 зелници се продаваа на парче по симболична цена, а собраните средства ќе се наменат за хуманитарни цели, за една наша млада сограѓанка, за која животот штотуку започнал, а судбината се поиграла.

Прекрасната манифестација, вкусните зелници,беа зачинети и со богата културно–забавна програма. За почеток викоичко трио со две викоички песни беа во контекст на традициите, а потоа се претставија малите виртуози од етно–групата при нижото музичко училиште во Пробиштип, настапи на пеачи од Пробиштип и КУД „Злетовски Рудар" при Домот на културата.

**М. Здравкоска**

ЗП ОВР – Скопје

# Придружете ни се

Откако успешно заврши минатогодишната турнеја на ЗП ОВР – Скопје до познати туристички дестинации, градови и културно–историски места од нашата земја и пошироко, како што беа: Македонска Каменица, Дојран, Радовиш, Белград со Калемегдан и Скадарлија, Вишеград со мостот на Мехмед–паша Соколовиќ, Сарајево со Баш–чаршија, група активисти го започна и годинашниот пролетен поход на излети и осмислено дружење. Најпрво беше реализирана екскурзија во Струмица со посета на Смоларските и Колешинските водопади и потоа, брзо на ред дојде и Солун, од каде се вратија со импресии од крајбрежјето на соседна Грција. Екскурзијантите, расположени и среќни што одат заедно, полни со позитивна енергија, во името на долгогодишното познавање и пријателство стекнато низ работниот век, им се препуштија на сеќавањата поминато во младоста, кога во тоа време Солун како до Ѓорче Петров да беше, кога се одеше да се потроши по некоја марка за интересно парталче, за чевли, или чантичe... Сега поинаку размислуваат и таму, во преубава атмосфера, облеани од морското пролетно сонце, шетаа покрај брегот во Солун, евоцираа спомени, се смееа и прекрасно се дружеа. Впечатоците ќе им останат долго во сеќавање, а за потсетување на настанот ќе им биде овековечењето со фотографија.



Импресивна беше и посетата и учеството на традиционалната средба во Пробиштип, кога со зелници направени од вредните раце на искусните пензионерки дадоа придонес во хуманитарната манифестација „Зелникот на баба", а по враќањето дома раскажувајќи им за настаните на своите колеги, пензионери и пензионерки, пријателки и другарки, ги поканија на наредните средби и дружења со зборовите ,,повелете, придружете ни се"!

**Мара Илиќ и С.Ц. - Сотировска**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Змија

***„Духовното ропство може да има попогубни и потрајни последици од турското ропство, кое иако е долготрајно, по својата природа е времено". Григор Прличев***

Бројни наши автори со длабоки корени во егејската почва, творечкото внимание го насочуваат на настаните по Граѓанската војна во Грција и прогонот на Македонците, други пак се сосредоточуваат на причините во поширокиот историски контекст за грозомората во Беломорската земја и трауми во целата татковина. На вторава група тематски му припаѓа романот **Змија** на **Иван Чаповски** (**12. октомври 1936 година, село Пожарско, Воденско**).

Метафорите за злото: од змијата и змијарникот, змискиот отров; мракот во чија темнина некој назорум те следи, ја стишува стапката, здивот, ти ја демне трагата, во мислата ти пресудил, го чека моментот да ти ја скуси сенката, да ти ја земе, – ја изострувааат сликата на македонскиот трагизам и мракобесие.

Долго и макотрпно е собирана историската граѓа, факти што на темните приказни согледани низ авторовата фикција ќе им даде автентична уверливост. Романескното време се поклопува со историското: после Берлинскиот конгрес свикан од западноевропските сили за ревизија на Санстефанскиот договор и трае до почетокот на Првата балканска војна. Но, **Змија** не е историски роман. Тој е една широка, **епска слика на стравотни собитија** во дотичното време.

Романот започнува со **пролог,** условно, една мрачна „разгледница" **на Солун, пристаништето, утврдувањето, Крива Кула, Беаз Куле, Еди Куле.** Небото над градот и Белото Море е притулено, темно и бучно од разграканите црни гаврани, **како злокоба.** Кон првиот дел припаѓаат уште поглавјата **Галик, Воден;** а кон вториот: **Пред проклетството, Проклетството и епилог.**

Главниот настан е **изградбата на железничката линија, од Солун до Битола,** обврска на Отоманската империја да го поврзе Европскиот дел со железница, која произлегува од членот 10 од Берлинскиот конгрес. Германскиот инженер **Алфред Куала**, од мал мечтаел да го гради светот, ја добил работата благодарение на врските на татко му со **Дојчебанк,** која одобрила парични средства за исплати и обврзници за градежни материјали што од Европа до Солун ги пренесува бродот **Квин Мери**. Главен надзорник е **Аладин беј.**



Работниците се ангажирани од околните места за само неколку гроша дневница, еден дел се затворениците од Еди Куле, кои ќе работат ангарија и група инжинерци од Австрија, Италија, Германија, Швајцарија, чија дневница била десет пати поголема од онаа на месното население. И оваа градба е налик на змија, не само поради змијулестата траса, туку и по несреќите уште на стартот: надоаѓа Галик, ќе го однесе недоградениот мост, и три животи...

Додека се работи на трасата, и потоа, се случуваат едночудо грозоморни настани, во чија основа е змискиот отров: една немерлива, бесмислена омраза, националистичка, негаторска пропаганда од соседите, предавства, убиства, грабежи.... Во неможност коректно да се пренесе некоја од впечатливите слики што ќе ја долови општата атмосфера, акцентот е ставен на духовниот напрег на неколку ликови задоени во духот на Прличевата мисла со длабока смисла.

Секако, оние кои го сочинуваат ова јадро, се млади луѓе кои завршиле некое туѓо училиште на туѓ јазик. Тие се тукашни напредни Македонци, свесни за деструктивните пропаганди по националниот идентитет: **Бино Беломоров од Бер, Стојан Чакалинов од Негуш, Димитар Кошувалијата од Воден... Уранија Беломорова, Попот Зорафин, Ѓорѓи Ќаата...**

**Темко Попов,** народен деец, се зафатил да го просветува Македонецот: *„Учи, ако сакаш да се бориш",* му вели на Димитар**. *„А каква е таа борба во која треба да се борам"?*** *„Чув дека пишуваш песни и собираш старини, убаво од тебе. Ако си подготвен да ги прошириш духовните патишта, треба да знаеш дека во Македонија треба да се води и вакава борба: против грцизмот, бугаризмот, србизмот, примитивизмот, католицизмот... А таа борба може да се води само со знаење, синко.* ***„ Ако тоа е искрено кажано, што барате вие во овој пансион, зошто му служите на бугарскиот јазик".*** *„Јас овде се засолнав да не гнијам во зандана"* И додал: во Виена завршил гимназија, а во Софија со тројца истомисленици формирале **Таен комитет за заштита од грчките и бугарските пропаганди,** од Србите барале помош за **издавање учебници на народен македонски јазик.** По враќањето од Белград, двајцата другари биле уапсени како руски шпиони, а нему еден Серчанец му помогнал да побегне. Димитар зажалил оти ја наговорил Уранија да ја смени гимназијата, пред да се сретне со Попов. Преминот на Уранија во бугарската гимназија и двајцата ги исправа пред многу тешкотии и подбив. Димитар е исфрлен од училиште како српски агент: пронашле тетратката со негови песни. Уранија не може да добие работа како учителка: *со тие раце што пишувале на такво писмо, не можеш да држиш молив, туку мотика,* ја понижуваат Грците.

**Стојан сонува да стане зограф, да направи црква во Негуш,** а кога одродениот гркоман, попот **Герасим Наум**, ќе го праша: каква црква – грчка или бугарска, одговара: ***„Моја црква, словенска"***. Герасим вреска: „**Сè што не е грчко треба да се уништи"!** И „ќе го голтнат вировите на валавицата". Секоја рамна површина од дрво, од камен, од метал ја користи да гребе, да скицира икони, да ја зографиса **Богородица**, поубава од сите, ја крева раката над око кон небесната синевина како таму да ја создава. Но ниедна од тие слики го нема образот на **светата мајка Божја**. Подоцна ќе сфати дека секогаш одново ја сликал жената со издолжена и тажна лика, **неговата мајка Митра.** Свет сон.

Иван Чаповски е поет и романсиер. Филолошки факултет завршил во Скопје. Работел како новинар во **Вечер и Нова Македонија, а како режисер во МТВ**. Бил главен уредник и директор на книгоиздателството **Македонска книга.** Член е на ДПМ и Македонскиот ПЕН центар. Објавил осум збирки поезија, романите: **Граница, Магла, Змија, Дрвените мостови на Вардар, Крстан и Сирак, Крв на еукалиптусот, Лазаровата ѕвезда над Њујорк...**

Награди: **13. Ноември, Рациново признание, Стале Попов, Книжевен круг.**

**Змија е возбудлив роман**, **граден со многу детали, низ еден алинеарен реалистички дискурс. По прочитувањето жегнува болка, горчливата тажноина потоа уште долго го стега срцето.**

**Борис Шуминоски**

Интервју со Нијази Џелили, претседател на ЗП Гостивар

# Збратимени сме со 15 здруженија, а пееме и играме албански и македонски песни и ора

Повод за интервју со претседателот на ЗП Гостивар Нијази Џелили, беше годишното отчетно Собрание на здружението, кое се одржа на 15.03.2014, каде преку годишниот извештај за работата на здружението, преку дискусиите на членовите на Собранието и на гостите, беше констатироно дека здружението успешно ги извршува програмските определби.



**За почеток, кој е Нијази Џелили?**

Роден сум во Србница–гостиварско, во 1947 година. Педагошка Академија– група биологија–хемија, завршив во Скопје. Имам завршено и факултет за математичко природни науки, група биологија во Приштина. Неколку години работев како професор по биологија во училиштето на родното село. Во 2000 година се пензионирав, а во 2008 бев избран за претседател на ЗП Гостивар.

**Кажете ни нешто за личната карта на Здружението.**

ЗП Гостивар, било формирано веднаш после Втората Светска Војна, но вистински почнало со работата како Здружение од 1965, кога е регистрирано како Здружение на пензионери на тдудот и инвалиди. Во моментов, здружението работи одвоено од инвалидите и брои 6 965 пензионери. Здружението ги опфаќа пензионерите од општините: Гостивар, Врапчишта и Маврово – Ростуше, со 23 ограноци.

**Кои активности би ги издвоиле во минатата година?**

Во годината што остана зад нас, нашето здружение има остварено повеќе активности. Посебно би ги издвоил активностите на Активот на пензионерки, успесите и активностите на спортските регионални и републички натпревари, како и на Ревијата на песни, музика и игри. Имаме организирано неколку екскурзии, како и пензионерска вечер во месец ноември која ни е веќе традиција, а на која учествуваа над 400 пензионери од сите етнитети и кои пееја и играа со музика на албански и македонски јазик.

Што се однесува до екскурзиите реализиравме две еднодневни екскурзии во Р. Македонија, за трошоците ги покри здружението, а само симболично пензионерите. За бањско лекување и рехабилитација, пензионерите се многу заинтересирани, особено за Дебарските Бањи и за РЦ во Катланово со кои нашето здружение има потпишан договор и добиваме попуст на цените. Од нашето здружение, овие бањи ги користат значителен број на пензионери.

Можеме да се пофалиме, со успесите на спортските натпревари кои се перманентни. Истото е со ревиите, каде нашето здружение учествува со песни на албански и на македонски јазик.

Нашето здружение, им излегува во пресрет и на пензионерите со ниски пензии како и на тие кои се изнемоштени. Покрај другото, им помага и со снабдување огревно дрво со пониски цени и плаќање на рати. Здружението помага и за набавка на лекови.

Што се однесува до информирањето на членството, го правиме редовно и тоа со соопштенија кои ги истакнуваме на видни места по сите ограноци, преку членовите на органите и телата на здружението, како и преку весникот „Пензионер плус" каде има страница и на албански јазик, преку весникот Коха и Нова Македонија.

**Каква ви е соработката со СЗПМ, другите здруженија и локалната самоуправа?**

Со СЗПМ, нашето здружение соработува одлично и тоа го правиме перманентно. Збратимени сме со 15 други здруженија и со нив заеднички оствaруваме повеќе активности. Ни недостасува потребната соработка со локалната самоуправа, која во иднина сеако ќе треба да ја подобриме.

**Како ја оценувате работата на Здружението, дали сте задоволни со постигнатото и кои Ви се приоритети во 2014 година?**

Како претседател на здружението работам со волја и сметам дека постигнувам резултати. Но, сакам да истакнам дека постигнатите резултати не се само мои како претседател туку се успех на раководните органи и работните тела на здружението. Сите работиме заедно и сложно и со успех го остваруваме тоа што е планирано. Задоволни сме со постигнатото, но не заборааме дека може уште подобро.

Приоритетите сме ги ставиле во Програмата за работа на здружението во 2014 година. Како поприоритени би ги издвоил: заштитата на правата на пензионерите и грижата за нивното здравје, за релаксација и одморите, екскурзиите, бањскоро лекување и рекреацијата, грижата за пензионерите со пониски примања и друго. Со други зборови, приоритет ни е се она што го прави животот на нашите членови поквалитетен и посодржаен.

**Баки Бакиу**

ЗИП Прилеп

# Самоволијата на претседателот

Тоа што од поодамна го укажуваа повеќемина инвалидски пензионери дека работите во прилепското здружение не се како што треба, се потврди и на неодамна одржаната отчетна седница на Собранието на ова Здружение. Претседателот на Здружението Томе Мазгалоски, кој зема солиден надомест од членарината на околу 1800 инвалидски пензионери, на дваесетина членови на ЗИП не им дозволи да присуствуваат на седницата.



– Тој тоа го прави секоја година – велат пензионерите.

Годинава револтот кулминираше со тоа што актуелниот претседател ангажирал двајца вработени од агенција за обезбедување, за да не им дозволи на заинтересираните да присуствуваат на седницата.

– Не знам што се случува со него, или со нас. Ова е премногу. Толку години сум член – инвалид и слушам лоши работи за Здружението, но ова нема смисла. Не е во ред некој со мои пари да плаќа обезбедувачи за да не плаши да не присуствуваме на седница – вели 81 годишниот Благоја Перески.

На потписникот на овој текст, исто така, му беше забрането присуство. Иако на обезбедувачите и на претседателот му беше предочено дека е дописник на „Пензионер плус" и дека со неговата професионална новинарска книшка повеќе од 40 години не му било забрането да присуствува на било кој и тоа многу позначаен настан од овој.

Не знаеме колку пари беа платени за двајцата обезбедувачи од приватната агенција, но се сомневаме дека претседателот ги платил од својот џеб. Инаку, на Собранието, без претходно да се расправа на Извршниот одбор, била донесена одлука да биде исклучен член на овој орган, кој на претседателот му укажувал дека не треба да се трошат и така малкуте пари што ги има Здружението за некорисни работи, ручеци и негови патувања. Тоа се и единствените активности на овие пензионери, ако се изземе тоа што на дел од нив им се обезбедуваат дрва на рати за што според кажувањата на „непожелните" членови претседателот добива солиден месечен надомест.

– Во Извршниот одбор и Собранието само два–тројца не му се роднини, или негови блиски – укажа во револт пред затворената врата Мирјана Димеска, додавајќи дека ова не е семејно, негово лично Здружение, па да не знаеме што се работи.

Здружението „функцуионира" без ограноци, бидејќи претседателот не ги признава формираните од членовите во урбаните единици Варошко маало, Тризла, Корзо и Ѓогдере, иако на списоците има преку стотина членови – инвалиди. Тој го инструира собранието да го исклучи од член на Надзорниот одбор Зоран Јованоски, оти му укажувал и не го потпишал записникот за трошоците во текот на предминатата и минатата година.

Самоволијата на претседателот, по се изгледа дека и натаму ќе продолжат бидејќи освен „непожелните" никој друг не се интересира за ова прилепско здружение на инвалиди.

**К. Ристески**

ЗИТ КИП „Чаир" – Скопје

# Ентузијазмот води кон успех

Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија „Чаир" – Скопје, во кое членуваат 1137 инвалиди од разни категории, постои и функционира од 1990 година, а во секојдневното дејствување, во фокусот е остварување на своите програмски определби во рамките на Сојузот на ЗИТ КИП. Постигнатите резултати се плод на желбата и ентузијазмот на раководството, да се постигнат што подобри резултати и покрај скромните средства. Столбот на Здружението го чинат: *Исмет Мустафа*, претседател на Здружението, *Гоце Миновски*, потпреседател и Сиљ Јатиши секретар.

Претседателот **Исмет Мустафа**, запознавајќи не со Здружението, најнапред го искажа задоволството на членството од добрата континуирана соработка и поддршка и притоа ги потенцираше најзначајните активности што се реализирани во изминатиот период. Програмата за во иднина, опфаќа голем број активности и прашања, за чие реализирање е потребен поголем напор, како на раководството така и на членовите. Според Мустафа, решавањето на некои клучни прашања, што се од витално значење, а за кои постојат извесни одредени проблеми, не можеа да се решат, поради недостаток на финансиски средства, но со поголема ангажираност, успесите не изостанаа.

– Структурата на нашето членство е повеќенационална, но сите работиме како еден. Имаме одлична соработка со Локалната самоуправа. Ни дадоа просторија во зградата на општината, бесплатен телефон, струја и компјутер, за што сме им благодарни, а особено на градоначалникот Изет Меџити, директорот на ПИОМ, на некои наши активисти и соработници и други. Соработуваме со повеќе невладини организации, и со Црвениот крст на Македонија. Иницираме повеќе акции, екскурзии и посети на потешки инвалиди и друго. Со хуманитарните организации се обезбедува помош во храна, инвалидски помагала и облека. Во тек е формирање Актив на пензионерки, кој ќе ја збогати активноста на здружението преку организирање средби и дружење со други активи во републиката и надвор од неа. Активностите главно се насочени кон спортско – рекреативниот и културно – забавниот живот на инвалидите со учество на годишните пензионерско – инвалидски спортски игри.



**Васил Пачемски**

ЗП Богданци

# Незаборавна „Дружба со Нушиќ“

ЗП Богданци продолжува со својата активност и во 2014 година. По повод Светскиот ден на театарот, група пензионери на Општина Богданци организирано присуствуваше на театарската претстава „Госпоѓа министерка“ од Б.Нушиќ. Колку што пензионерите сакаа да „другаруваат со Нушиќ“, уште повеќе сакаа да го видат новиот театар.



Во Скопје пристигнаа во 15 часот, па имаше време да се разгледа плоштадот со сите знаменитости, историски личности, мостови што ги поврзуваат двата брега на Вардар и друго. Во 19,30 часот пензионерите влегоа во театарските простории восхитувајќи се на ентериерот на објектот. Не изостана и заедничката фотографија. Влегувањето и сместувањето до салата претставуваше посебно доживување, бидејќи на десната страна на сцената стоеше фустанот на Мери Бошкова чие тело само еден ден пред театарската претстава беше испратено до нејзиниот вечен дом.

Почетокот на претставата беше особено интересен. Со неколкуминутно обраќање на Весна Петрушевска беа прочитани две пораки за театарот како медиум и кратко размислување на Мери Бошкова за театарот и неговата улога за гледачите. Вредно е да се истакне мислата од втората порака дека театарот е место каде не завршува активноста, туку место каде што започнува да се трага по нова активност, да се осознаваат нови возбудувања, нови искуства, нови човечки судбини...

Во преполнетата сала публиката со громогласен аплауз го поздрави почетокот на претставата. Дека Нушиќ бил голем мајстор на смеата, се потврди и овој пат. Претставата изобилуваше со комични ситуации, а присутните секој на свој начин ги доживуваа. Претставата заврши речиси на полноќ, но иако останавме без сон, никој не се жалеше на потрошеното време.

**Д. Чавдаров**

# Пензионерите на саемот на книгата



Од 7-ми до 14-ти април, на Скопскиот Саем, се одржа 24-иот Саем на книгата. Не само љубителите на убавиот пишан збор, туку и многу љубопитни кои сакаа да ја посетат оваа убава традиционална манифестација со интерес ги разгледуваа многубројните штандови на познатите поголеми издавачки куќи, но и на помалку експонираните издавачи. Јасно, вниманието го привлекуваат разновидно и богато уредените штандови на Култура, Матица Македонска, Табернакул, Ѓурѓа, Три, Магор, Или-Или, кадешто многубројните нови изданија, а и реиздадените, нудат книги за сечиј интерес. Да се спомене и податокот дека сите издавачи на саемот понудија големи попусти на цените на своите книги, а некои се продаваа и во мал, пакет, од две-три книги заедно за навистина прифатлива цена. Имаше книги од веќе познати и признати автори од Македонија, но и автори кои се афирмирани во светот, а и се достапни на нашата читателска јавност преведени на македонски. Вниманието, јасно, секогаш повеќе го привлекуваат бестселерите, односно најпродаваните книги, а такви книги навистина имаше за сите возрасти, па и за нас пензионерите. Убаво подредените штандови, љубезните лица на вработените и подготвеноста да им појаснат или понудат нешто од изложените книги на својата издавачка куќа на постарите читатели, секако придонесуваше да се зголеми интересот и овие посетителите да купат книга. Да не наведуваме наслови, зашто ги имаше премногу, но да кажеме дека имаше книги кои зборуваат за се што го интересира читателот- научна фантастика, љубов, загуба, пријателство, фантазија, разонода, со други зборови се што допира до сечија душа, а е раскажано на страниците на книгата.

Во реката посетители кои ги имаше во голем број и во неделата, на претпоследниот ден од саемот, присуството на повозрасните посетители беше видливо и тоа не само како „придружници“ на своите помлади членови на семејството, туку и активни пребарувачи и купувачи на книги од животната област што ги интересира најмногу. Вакви манифестации се и места каде што повозрасните можат да се сретнат со своите врсници, пријатели, познати, некогашни колеги и да си разменат мисли, малку да се дружат да се почувствуваат дел од сите генерации, кои ги поврзува најубавата животна нишка – духовното, мисловното, убавото. Зашто да сакаш да се дружиш со книгата значи да разбереш, да се информираш и да споделуваш размислување, раскажување, изнесување туѓи, поинакви или блиски на своите животни сфаќања за животот воопшто, а тоа најдобро го знаат повозрасните читатели. Третата доба нуди време да се дружиме со најдобриот пријател на човекот, со книгата., која и да не ги исполни нашите очекувања, и да не растажи, да не не исполни колку што сме очекувале, сепак ќе биде средба, разговор, размисла, споделување мисли со „другиот“ односно писателот, ќе ни ги обогати мислите, ќе ни ја допре душата, ќе направи да го почувствуваме животот, зошто книгата е пријател по кого можеме да посегнеме кога сакаме, пријател каков што сакаме покрај себе, тивок придружник, кој секогаш ни е при рака, и кој никогаш не не напушта.

**Таска Гавровска**

Мице Пашоевски, новинар во пензија и писател за деца и возрасни

# Пензионирањето - можност за творење

Седумдесет и едногодишниот новинар во пензија и писател за деца и возрасни Мице Пашоевски од Демир Капија е роден во селото Струпино, Егејска Македонија. За време на граѓанската војна во Грција со семејството дошол во Македонија. Патот го одвел и во Војводина, а од 1951 год. до сега живее во Демир Капија.

Првите чекори на литературен план Пашоевски ги направил уште во седмо одделение, а првата книга проза ја отпечатил во 1980 година. Оттогаш има објавено десетици книги за деца и возрасни. За потребите на аматерските театри тој направил драматизации на повеќе познати дела од наши реномирани писатели.

Над четири децении Мице Пашоевски бил активен новинар и културен активист, дописник од општината Неготино и Демир Капија. Бил и актер и режисер, како и референт за култура и директор на културниот дом во Демир Капија. За својата работа има добиено низа награди, а најзначајни му се осмоноемвриската награда од општина Неготино и седмоноемвриската награда на општина Демир Капија.

По пензионирањето во 2000 година Мице Пашоевски продолжува да работи на сите овие полиња. Потврда за тоа е и драматизираната детска сказна „Болната принцеза“ што излезе од печат оваа година потпомогната од СЗПМ.

Во „Болната принцеза“ Мице Пашоевски зема мошне оригинална тема за обработка, која истовремено се потпира на мотивите на класичната сказна, но и на современите животни текови и тенденции. Неверојатниот заплет и неговата успешна разрашница ги прави врз несекојдневните способности на „Болната принцеза“. Иако амбиентот е прилично реален, надприродните можности на девојката се доживуваат исто така како реалност и како нужност без која текстот не би имал смисла. Најголемата вредност на текстот е секако тоа што Пашоевски успешно ги спојува сказновидноста и модерното. Неговите ликови како да доаѓаат од сказната, но живеат овде и сега. И дамнешни и модерни! И далечни, а сепак блиски!

Д-р Методи Манев покрај читањето на ракописот имал можност да ја гледа и изведена на сцена од најмалите актери при Домот на културата „Мирка Гинова“ во Демир Капија. Воодушевувањето при тоа од интересниот текст и од играта на актерите и кај д-р Манев и кај публиката било огромно. И останатите рецензенти на оваа книга Пени Трпковски и Мишо Китановски го нагласуваат големото значење на писателот Мице Пашоевски и на неговата драматизирана сказна „Болната принцеза“. Овој културен деец има значајно место во една мала, но развиена средина, а неговиот труд во нашава севкупна литература и култура е корисен, значаен, инспиративен, нагласуваат рецензентите. Сите се единствени во мислењето дека се работи за исклучително талентирана, амбициозна и работлива личност. „Болната принцеза“ бездруго ќе биде прифатена од театрите и драмските секции за поставување на сцена за љубителите на драмската уметност, дотолку повеќе што кај нас се чувствува недостиг од детски сказни, а особено од драматизирани детски сказни кои се барани од аматерските театри и драмски секции.




Мице Пашоевски продолжува да создава. И во оваа четиринаесета година од пензионирањето пишува нови книги, активно работи во Културниот дом во Демир Капија, каде што подготвува детска пиеса за фестивалот во Кочани. Во оваа работа секако му помогнаа и курсевите по режија што ги имаа завршено како и тоа што на овој начин Мице ги оживува ликовите од неговите дела. Мице Пашоевски ја продолжува и новинарската работа, известувајќи ги пензионерите за значајните настани и актуелности од Демир Капија во „Пензионер-Плус“.

Сето ова ни потврдува дека Пашоевски доволно добро го знае драмскиот, театарскиот и новинарскиот занает. Му посакуваме долг живот, добро здравје и уште многу книги, драматизации, режисерски остварувања и секако новинарски текстови.

**Цветанка Илиева**

Нова книга на учителот Симеон Златев – Моне

# 365 аманети




Учителот Симеон Златев – Моне на пошироката јавност и стана познат во 1991 година со формирањето на најмалиот етнолошки музеј во светот во Џепчиште – Тетово, со кој го промовираше вековното културно наследство на Македонија од сите конфесии. Роден е 1943 година во Скопје, каде го завршил Архитектонско-градежниот факултет, отсек архитектура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, додека средно образование стекнал во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“ во Тетово.

Љубовта кон минатото Моне ја преточува и во неговата издавачка дејност преку: „Етно бројница“ – 2005 година, „Монографија“ – 2009 година, „У катакомбете на Тетоо“ – 2011 година и „Етно ризница“ – 2012 година.

И овие 365 аманети со хаику поезија ја искажуваат неговата неизмерна љубов кон корените и Македонија.

Во претставувањето на книгата, познатиот македонски новинар, поет и филолог Васко Марковски, покрај другото, ќе забележи: „Во овие седумдесетина страници, читателите добиваат речник на подзаборавени и никогаш чуени зборови од македонскиот јазик. Оваа книга е каталог на необични и подзаборавени предмети кои сме ги гледале во домовите на нашите дедовци и баби, но не сме знаеле за што се користеле. Во неа ќе најдете 365 минијатурни интимни приказни – херојски, момински, дамнешни, вечни, за верата, за љубовта, за надежта...“

**М.Д.**

Пензионерот Вангел Наумовски колекционер на ѕвонци

# Ѕвонците, прапорците и клопотарците на Ванѓел

Ѕвонците се лична карта на животните, според кои сопствениците ги препознаваат добитокот, вели 67 годишниот пензионер Ванѓел Наумовски, од селото Мали Влај, кој сега живее во Струга. Ванѓел во Стружко е познат како колекционер на ѕвонци, кои ги собира цели 50 години. Во неговата необична колекција има најразлични прапорци и клопотарци, а тој е познат и како еден од последните изработувачи на јамки за нив. Кај него сточарите не само што доаѓаат да купат ѕвона за своите: овци, кози, говеда, коњи и друг добиток, туку и да му подарат по некој уникатен примерок, а и да ја видат неговата ретка колекција.

– Ова е мало национално богатство, кое дава белег на еден живот и на едно минато време, – вели пензионерот колекционер Наумовски. Во изложбениот простор во поткровјето на неговата куќа во населбата Мислешево, крај Струга, каде што живее, сите негови 150 звона се подредени, класифицирани, и е запишано од каде се донесени, од кого ги добил или купил. Најчесто му ги подаруваат, пред се, негови роднини, пријатели, другари и блиски, кои знаат за оваа негова пасија. Меѓу ѕвонците има и примероци од Франција, Шпанија, Турција, Албанија и од Швајцарија. Сите се со различни големини, во зависност за каков добиток се наменети.

– Специјални се оние направени за предводниците-угичите, како што се нарекуваат водачите на стадото. Тие се потешки и појаки за да можат нивното ѕвонење да го слушнат и другите животни што ги следат. Тие се и сигнал за овчарите каде се напаѓува стадото – раскажува Ванѓел. Тој им дал и имиња на своите ѕвона, па ги нарекува: скопскиот, големиот, елбасанскиот, рушениот, рајчкиот, стружкиот, маливлајскиот... според местото од кое потекнуваат. За него ѕвонците се од непроценлива вредност и не можат да се купат за никакви пари.



– Ги украсувам и ги чистам редовно сите примероци во мојата ретка колекција, за да ми бидат полични, иако овие предмети потекнуваат и се наменети за домашни животни – вели Наумовски.

Неодамна во посета на домот – музеј на Наумовски беа неговите другари, сега пензионери, Јонче и Стојан, кои заедно се фотографираа. Ним Ванѓел им раскажа дека ѕвонците го потсетуваат на времето на неговиот татко Вело, кога во родното струшко село Мали Влај, неговото семејство одгледувало многу добиток, имале околу 500 кози и исто толку овци. Наумовски враќајќи се назад во времето, дојде во периодот кога имал 10 години.

– Законот донесен во 1948 година за уништување на козите многу го оштети нашето семејство. Присилното погубување на добитокот (козите) за нас беше фатално. Татко ми Вело велеше дека се чувствува исто како некој да му отсекол дел од телото – раскажува Ванѓел, кој иако не продолжил да се занимава со сточарство, додека студирал во Битола на Вишата техничка школа и работел како машински инженер во охридската фабрика ЕМО, добил желба да почне да собира интересни примероци на ѕвонци.

Сега е бројот на ѕвонците во неговата колекција достигна 500, колку што имало кози и овци во стадото на неговиот татко. Затоа апелира до сите што имаат ваков примерок, да му го понудат, доколку сакаат тој да стане дел од неговата ретка збирка.

– Голема желба ми е еден ден колекцијата да ја изложам пред јавноста во Струга и во Охрид и да ја заштитам како трајна вредност, како национално богатство и белег на едно минато време – вели тој, надевајќи се дека некој од неговите внуци или помлади членови на семејството ќе покаже афинитет на продолжување на животот на неговото хоби.

**Стојан Кукунешоски**

# Бајка во Прага

Ансамблот „Вања Лазарова“ од Активот на пензионери при Црвениот крст – Чаир Скопје, учествуваше на 6-тиот меѓународен фестивал на народни песни и ора, кој се одржа на 21. и 22. Март во Прага, Република Чешка.



Тоа што членовите на Ансамблот го доживеаа во Прага и на фестивалот може да се види и доживее само во бајките. Убавините на Прага се познати, но настапот на Ансамблот на финалната вечер беше вистинско изненадување и за учесниците и за гостите. Испеавме четири македонски народни песни во траење од 15 минути, а аплаузот траеше цели 20 минути. Успехот беше видлив уште на генералната проба, каде бевме внимателно слушани и поддржани од сите учесници на фестивалот.

Инаку, на оваа меѓународна манифестација учествуваа 17 хорови, групи и ансамбли и 14 играорни групи, а фестивалот имаше ревијален карактер. Веднаш по нашиот настап, од менаџерот на Меѓународниот фестивал во Франција, Ансамблот доби директна покана за учество на оваа манифесатација во Париз, по наш избор, дали во оваа или наредната година. Со оглед на големата ангажираност на Ансаблот и подготовките за настапи во Русе и Велинград, Република Бугарија, поканата ја прифативме за 2015 година.

**Милорад Илиќ**

# Ministri Spasov në vizitë pensionistëve në banjat

Ministri për punë dhe politikë sociale Dime Spasov, në korniza të projektit "Rekreimi klimatik në banja", këto ditë vizitoi pensionistët të



cilët qëndrojnë në banjën e Katllanovës.

- Planifikojmë që këtë vit të përfshijmë numrin rreth 5.500 pensionistë, të cilët do të shfrytëzojnë këtë shërbim pa pagesë, e që përbëhet nga 6 racione të plota, transport pa pagesë, kontrollime mjekësore dhe tretman në banjë. Për mua është shumë me rëndësi që pensionistët të cilët deri më tani kanë shfrytëzuar këtë shërbim me të cilët edhe kam pasur takime, vërtet janë të kënaqur me realizimin e projektit në fjalë dhe me kushtet të cilat i ofrojnë banjat për ata në Maqedoni – ka thënë ministri në Spasov.

Ministri Dime Spasov, më 22 mars vizitoj edhe pensionistët të cilët qëndrojnë në banjat e Dibrës - Capa (Banishtë), në korniza të projektit në fjalë. Para mediave, Spasov deklaroi se edhe këtë vit, rekreimi klimatik në banja e arrin efektin, e atë e vërteton edhe reagimi i pensionistëve. Ai tha se projekti është përfshirë me Programin për punën e Qeverisë të RM për 2011- 2015, në sferën e Politikës sociale. Spasov ka potencuar se ky projekt realizohet tani më pesë vite dhe se në vitet e kaluara me të janë përfshirë mbi 22 mijë pensionistë, e ai do të vazhdojë edhe në katër vitet në vijim. Gjithashtu, në Banjat e Dibrës, ministri Spasov ka lajmëruar se projekte të tilla të ngjashme me të cilët përmirësohet jeta sociale dhe shëndeti i pensionistëve, do vazhdojë të realizohet.

Në takim ishte i pranishëm edhe Besnik Pocesta, nënkryetar i Kuvendit të LSHPM i cili shprehu kënaqësinë nga realizimi i suksesshëm dhe i dobishëm i projektit.

**Vjollca Sadiku**

Nga mbledhja raportuese e Kuvendit të LShPM

# Të bashkuar në vendime dhe punë

Më 14 mars të vitit 2014, LShPM, mbajti mbledhjen e saj raportuese. Fillimisht, të pranishmit në mbledhje i përshëndeti kryetari i LShPM, **Dragi Argirovski.** Përkrah rezultateve të arritura dhe të realizuara, ai theksoi edhe për sulmet e më para ndaj Lidhjes nga ana e "Partisë së pensionistëve dhe qytetarëve të bashkuar", për çka, ndër të tjerat ai theksoi:

- Faktet dhe e vërteta janë në anën e Lidhjes. Të arriturat tona janë evidente, puna jonë është transparente. Rruga nëpër të cilën ecim është rruga e drejtë, ndërkaq, rrugët nëpër të cilat ecin disa të cilët na sulmojnë janë të liga. Se është ashtu, do të tregojë koha dhe rezultatet tona të më tejme.

Më pas, mbledhja vazhdojë punën sipas renditjes së propozuar. Së pari, në rend të ditës ishin Raporti për punë dhe Llogaria përfundimtare për vitin 2013 për të cilat fjalën hyrëse e pati nënkryetari i KE të LShP, **Metodija Toshevski**. Ai i theksoi të arriturat më të rëndësishme në Raportin për punën e Lidhjes, duke konstatuar se gjithnjë mund të jetë edhe më mirë.

Në diskutimin e sajë, **Stanka Trajkova**, sekretare e KE të LShPM potencoi se askush nuk ka të drejtë të nënvlerësojë rezultatet e arritura të Lidhjes, nga që ai është subjekt serioz në funksion-



imin e shoqërisë qytetare.

Raporti për punën e Lidhjes u vlerësua nga të pranishmit si shumë me kualitet, gjithëpërfshirës dhe se në të ka analizë të asaj që është punuar, por edhe disa sugjerime dhe konstatime të cilat të pranishmit i pranuan njëzëri.

Në fjalën e tij, Besnik Pocesta, nënkryetar i Kuvendit të LShPM, potencoi:

Askund, në asnjë Parti ose Asociacion nuk ekzistojnë raporte ndër etnike të mira siç janë në LShPM. Ndër anëtarët e Lidhjes ekziston shoqërim dhe bashkëjetesë që mund të shërbej shembull gjeneratave që vijnë pas. Ishte konkluzion i mbledhjes se rezultatet e arritura janë vepër e të gjithë pensionistëve anëtarë të Lidhjes dhe se ato pasqyrojnë masivitetin dhe transparencën, të cilat e bëjnë Lidhjen të jetë Evropiane.

Sa i përket llogarisë përfundimtare për punën financiare të Lidhjes në vitin 2013, ishte konstatuar edhe në Raportin e Këshillit mbikëqyrës, se është punuar me nikoqirllëk dhe sipas dispozitave ligjore. Që të dy dokumentet ishin votuar njëzëri. Kuvendi i LShPM numëron 68 anëtarë, ndërkaq 6 delegat ishin të abstenuar. Vendimi për vërtetimin e kritereve për punën financiare-materiale të shoqatave dhe Lidhjes ishte aprovuar me votë pozitive të 60 delegatëve nga 62 të pranishëm, një ishte i përmbajtur dhe një kundër. Edhe ky votim tregoi dhe vërtetoi se anëtarët e LShPM janë të bashkuar edhe në veprim edhe në vendime.

**Kalina S. Andonova**

Revyal dhe lojëra sportive në vitin 2014

# Përgatitjet janë në përfundim

Sipas Programit për vitin 2014 të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve, erdhën në radhë përgatitjet për revyalet e këngëve muzikës dhe lojërave, të cilat kanë për qëllim të ruajnë pasurinë kulturore të të gjithëve të cilët jetojnë në këto hapësira, si dhe garat sportive të cilat janë traditë prej më shumë vitesh.



Këshilli ekzekutiv i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, e vërtetoj përcaktimin e Komisionit për kulturë që edhe këtë vit të mbahen gjashtë revyale regjionale edhe atë prej 9 deri më 22 maj 2014. Nikoqir i revyalit të 12-të do të jenë shoqatat: më 03.05.2014 – ShP Berovë, më 09.05.2014 – ShP Sveti Nikolë, më 11.05.2014 – ShP Strugë, më 15.05.2014 ShP Negotinë, më 20.05.2014 – ShP Solidarnost Aerodrom dhe më 22.05.2014 – ShP Gjorçe Petrov.

Revyali republikan i këngëve, muzikës dhe lojërave do të mbahet më 10 qershor në Sallën universale në Shkup. Këto revyale, Ministrija e kulturës edhe këtë vit i shpalli manifestime me interes nacional në kulturë për shtetin, për çka pensionistët ndjehen të nderuar.

Lojërat e 19-ta regjionale sportive do të mbahen prej 21 maj deri më 20 qershor 2014, për të cilat nikoqir do të jenë: regjioni i parë ShP Butel më 30.05.2014, regjioni i dytë ShP ShPB (OVR) më 25.05.2014, regjioni i tretë ShP Krushevë më 21.06.2014, regjioni i katërt ShP Makedonski Brod më 18.06.2014, regjioni i pestë ShP Bogdanci (6.06.2014), regjioni i



gjashtë ShP Zlletovë më 31.05.2014, regjioni i shtatë ShP Sveti Nikolë më 22.05.2014 dhe regjioni i tetë ShP Berovë më 14.05.2014.

Garat sportive republikane do të mbahen më 22.05.2014 në Tetovë.

**Kalina S. Andonova**

ShP Tetovë

# Takim shumetnik i pensionistëve në Tetovë

Më 12 prill të vitit 2014, ShP Tetovë, ishte nikoqire e parë e takimit shumetnik të pensionistëve nga Maqedonia, në të cilën morën pjesë mbi 600 pensionistë pothuajse nga të gjitha



shoqatat e vendit tonë. Ishte kënaqësi dhe përjetim i vërtetë të jesh në mes pensionistëve, të cilët u shoqëruan pa dallim të përkatësisë kombëtare dhe fetare.

"Tetova, jo rastësisht ishte zgjedhur që të ishte nikoqire e takimit të tillë. Qyteti ynë dhe i gjithë regjioni i poshtëm i Pollogut, dallohet me popullatë të përzier nacionale. Për të gjitha bashkësitë nacionale që i takojnë moshës së tretë ka vetëm një dispozitë – pensionistë. Në një frymë të tillë, realizojmë aktivitete, shoqërim të përbashkët në ekskursione, shëtitje, verime, gara sportive e të tjera. Një shoqërim të tillë të përbashkët, pensionistët tetovarë e vërtetojnë sidomos në pjesëmarrjet në revyalet kulturorezbavitëse. Anëtarët tonë i kultivojnë dhe publikisht paraqesin kulturën dhe melosin folklorik burimor, duke afirmuar vlerat kulturore të të gjitha bashkësive etnike. Për na, nuk ka më të dobishme se shoqërimi dhe jeta e përbashkët, ndarjen e të mirës dhe të keqes me komshiun, sepse, atdheu ynë ju përket të gjithëve. Nuk ka alternativ tjetër", ka theksuar në fjalën përshëndetëse Gojko Eftovski, kryetar i Kuvendit dhe Shaban Azizi, kryetar i Këshillit Ekzekutiv të ShP Tetovë.

Të pranishëm në këtë takim ishin edhe Dragi Argirovski, kryetar i LShPM, Besnik Pocesta, nënkryetar i Kuvendit dhe Metodija To-



shevski, nënkryetar i KE të LShPM, si dhe Zdravko Petkovski, kryetar i Komisionit për sport i Lidhjes. Duke i përshëndetur të pranishmit në takim, kryetari Dragi Argirovski, kujtoi për aktivitetet më të rëndësishme të realizuara në Lidhje dhe në shoqatat në periudhën e kaluar. Ndërkaq, për ShP të Tetovës ai ka thënë se është një nder më e madhja dhe më aktivja. Këtu, ne kuptimin e plotë të fjalës, kultivohet bashkëjetesa, gjë e cila vërtetohet edhe në këtë takim". Në fund të fjalimit, kryetari Dragi Argirovski, takimin e shpalli të hapur.

Mysafir në takim ishte edhe kreu i parë i Tetovës, Teuta Arifi. "Edhe pse kam shumë angazhime të lidhura me funksionin tim në komunë, megjithatë, desha pak të jem me ju, t'ju përshëndes dhe t'ju dëshiroj shëndet dhe jetë të gjatë. Në shekullin e juaj të punës, ju keni dhënë kontribut në ndërtimin e vendit për çka meritoni respekt. Na, gjeneratat më të reja, me të vërtet kemi se çka të mësojmë nga ju", ka theksuar Teuta Arifi.

Takimi shumetnik në Tetovë, pati edhe dy dimensione të tjera: humanitare sepse mjetet e grumbulluara u ishin dedikuar shërimit të djalit 14 vjeç Tome Kostadinovski nga fshati tetovar Sedllarcë e Poashtme. Në takim, si kontribut për Tomen, nga pensionistët ishin grumbulluar 17.500 denarë. Përmbajtje e dytë ishte përfaqësimi i pensionistes nga Tetova, Hasëhushe Miftari, e cila përgatiti ekspozitë prej dhjetë fotografish në vaj. Takimi mbaroi me përshëndetje të përzemërta me dëshirë për takime të serishme.

**S. Dimovski, V. Sadiku**

# Projekt humanitar për kujdesin ndaj të moshuarve

Dibër, 20 mars- Komuna Dibër është një ndër pesë komunat në Maqedoni ku është duke u realizuar projekti i Kryqit të Kuq të Maqedonisë "Përkujdesja për moshën e tretë", gjegjësisht të moshuarve të vetëm. Është një projekt i cili ka për qëllim përkujdesjen në sferën e shëndetit, ushqimit dhe vesh mbathjes për kategorinë të pleqve të vetmuar.

Këtë projekt në Dibër është dukje e realizuar Organizata komunale e Kryqit të Kuq dhe sipas tyre projekti realizohet deri tani me sukses. Kryetari i organizatës në fjalë Fitim Alili na informoi se bëhet fjalë për 30 persona të cilët marrin përkujdesje të rregullt në sferat në fjalë. Janë pleq të cilët kanë nevojë për trajtimin mjekësor por njëkohësisht ata marrin edhe artikuj ushqimor dhe veshmbathje pa pagesë. Jemi të vetëdijshëm se në Dibër ka një numër më të madh të pleqve në nevojë, por projekti në fjalë është i përcaktuar në 30 persona.

Sekretari i organizatës komunale e Kryqit të Kuq Isni Telqiu thekson se për realizimin e projektit janë angazhuar 10 aktivistë të Kryqit të Kuq të Dibrës dhe një motër e medicinave. Po ashtu për realizimin e këtij projekti humanitar Kryqi i Kuq ka një bashkëpunim shumë të mirë me Qendrën për punë sociale në Dibër e cila ka përcaktuar 30 pleqtë më në nevojë të cilët jetojnë të vetmuar. Nga ana tjetër po ashtu rreth këtij projekti organizata e jonë thotë Telqiu bashkëpunon me shoqatën e pensionistëve duke marrë parasysh se edhe grupi i projektit janë pensionistët. Sekretari Telqiu shton se projekti në fjalë e financon kompania EVN.

Në organizatën e Kryqit të Kuq theksojnë se popullata në komunën e Dibrës ka nevojë për realizimin e projekteve humanitare. Është një komunë ku banorët kanë probleme të shumta sociale por njëkohësisht është një komunë e cila ka migracion të madh dhe numri i pleqve që jetojnë të vetmuar është tejet i theksuar. Jo zyrtarisht, mbi 200 pleq jetojnë të vetmuar të cilët kanë nevojë të përditshme për një përkujdesje shëndetësore si dhe për furnizimin me ushqime. Fenomeni në fjalë është prezent si në qytet ashtu edhe në fshatra.

**Vjollca Sadiku**

# Vizita e VEB faqes të LShPM gjithnjë më e madhe

LShPM i kushton kujdes të madh informimit të anëtarëve dhe të gjitha ngjarjeve në Lidhjen dhe shoqatat si dhe për opinionin më të gjerë. Në vitin 2014, ajo vazhdon të realizohet përmes gazetës "Penzioner plus", shtojcës "Penzionerski vidici" në gazetën Nova Makedonia dhe faqen për



popullatën pensioniste në gazetën Koha në gjuhën shqipe. Informimi i anëtarëve dhe i publikut më të gjerë bëhet edhe përmes shtypit dhe mediat elektronike, në nivel nacional dhe lokal. Si dhe gjer tani, gazeta "Penzioner plus" edhe më tej do të del një herë në muaj, në të premten e fundit të muajit, shtojcës "Penzionerski vidici" në gazetën Nova Makedonia të enjten javën e dytë, ndërkaq, faqja për më të rriturit, respektivisht popullatën pensioniste në gazetën Koha të enjten javën e tretë të muajit. Në këtë mënyrë, gjithë muaji do të mbulohet me informacione.

Sa i përket veb-faqes të LShPM, ajo ka fituar pamje dhe përmbajtje të re. Nga fillimi i këtij viti ekziston arkiv i të gjitha të rejave, gazetave dhe buletineve. Është risi e bukur që tani në të është vendosur edhe nën faqja e shoqatave anëtare të Lidhjes. Tani për tani, nën faqe të veta kanë këto shoqata: ShP Gazi Babë, ShP Gjorçe Petrov, ShP Dojran, ShP Karposh, ShP Kisela Voda, ShP Tavtalixhe DDD, ShP Krushevë, ShP Ohër dhe Debarcë, ShP Radovish dhe Konçe, ShP Solidarnost-Aerodrom dhe ShP Butel. Pritet që në periudhën e ardhshme të punohen nën faqe edhe për shoqatat tjera. Në nën faqet e shoqatave janë vënë: letërnjoftimi i shoqatës, fotografi dhe përbërja e udhëheqësve, trupat dhe komisionet, Programet e tyre për punë e të tjera. Në këtë mënyrë, afirmimi i shoqatave dhe i Lidhjes në tërësi, do të jetë edhe më e kompletuar, ndërkaq, komunikimi ndër shoqatat shumë më i mirë.

Kur jemi tek veb-faqja, mundemi të lavdërohemi se ajo nga dita në ditë është gjithnjë e më e vizituar. Për shembull, nga 11 mars deri më 10 prill 2014, numri i vizitorëve ishte 573, ose në krahasim me dhjetorin 2013, është rritur për 40%, kur faqja kishte pasur 335 vizitor. Që nga ky numër, pothuajse të gjithë vizitorët janë të rinj. Më së shumti faqen e vizitojnë vizitorë nga Maqedonia 53%, ndërkaq 19% nga Shkupi.

Nga të dhënat mund të shihet se më së shumti vizitorët janë të moshës 25 deri 34 vjeç, por 23,5% janë vizitorë mbi 45 vjeç. Numrat janë dëshmi se faqja vizitohet pothuajse nga të gjitha gjeneratat. Nga vizitorët ka organizata qeveritare dhe jo qeveritare, punëtorë turistik, punëtorë kompjuterësh, sociologë, sportistë, folkloristë, instruktorë për ushqim të shëndoshë e të tjerë.

Sa i përket shteteve dhe fushave të gjuhës, vizitorë më të shumtë janë nga gjuha angleze. Me përmbajtjet të vëna në www.szpm.org.mk është siguruar informim dhe transparencë e tërësishme në punën e LShPM në vend dhe jashtë.

**Kalina S. Andonova**

# Адаптогени

Ако на некој просечен човек му поставите прашање што се адаптогени, многумина по зборот ќе ја препознаат смислата, но механизмите и вистинската природа на тие билки најверојатно нема да ја знае. Тоа не е чудно, оти поимот „адаптоген" се појавува дури во средината на 20 столетие, додека поактивно во употреба е во последните 15 години.

Дефиницијата на зборот „адаптоген" подразбира неколку работи:

● адаптогенот ја зголемува отпорноста на организмот на широк спектар на „непријателски" состојби на организмот, во што спаѓаат физички, хемиски и биолошки фактори

● адаптогенот има улога на нормализација на организмот, односно исправување на пореметувањата причинети од стресни состојби и агенси

● адаптогенот мора да има нештетно делување на организмот (ако се зема во пропишан облик и пропишани дози), без разлика на тоа што делува на широк спектар на пореметувања.

Зад сите овие високоинтелектуални дефиниции стои група на билки која е, накратко, задолжена за нормализација на работата на организмот после стресните состојби или превенција за да до тие состојби воопшто не дојде. Многумина мислат дека адаптогените се всушност стимуланси, иако тие делумно и се. По својот состав се разликуваат од класичните стимулативни супстанци, но главната разлика е во делувањето. Стимулансите главно работат на краткотрајно подобрување на метаболизмот на клетките, но потоа се забележува нагло паѓање на потенцијалот и се продолжува терминот на оправување, за разлика од адаптогените кои делуваат поспоро и поголго. Еве некои адаптогени билки, кои официјално се признаени од страна на науката преку темелни истражувања и научни трудови.

**Розов жедник (Rhodiola rosea) -** Овој адаптоген е најсигурен за употреба од сите наведени, а има најистакнати адаптогени карактеристики. Има разни имиња: златен корен, арктички корен или едноставно родиола. Станал познат на нашите подрачја откако почнале да ја употребуваат многу спортисти и љубители на екстремни активности. Народната медицина го потврдила неговото влијание врз депресијата, стимулацијата на нервниот систем, поволно делување на умор и психофизички напори. Во древната медицинска документација се спомнува уште од антично доба. Во последно време се слуша дека радиолата, во комбинација со гуараната, станала често употребувана билка кај студентите во фазите на учење. Радиолата е многу вредна билка со несомнен потенцијал во адаптогеена смисла.

**Кинески/корејски гинсенг (Panax ginseng) - Јапонски гинсенг (Panax japonicus) - Американски гинсенг (Panax quinquefolius)-** Гинсенг е една од најпознатите адаптогени билки, екстрактите се добиваат од горенаведените три вида гинсенг, иако ги има преку 10 видови. Самоникнатиот гинсенг е всушност многу редок, поради тоа во последно време се употребуваат култивирани билки Германската Комисија Е го признала гинсенг како тоник против слабост и умор, корисен за реконвалесценција и оправување на физичките и менталните способности и концентрацијата, особено кај повозрасните луѓе. Гинсенг се споменува и како средство во борба против ракот и микроорганизмите, а има и својства на заштита од рендгенско зрачење и останатите патогени влијанија на организмот.

**Сибирски гинсенг (Eleutherococcus senticosus) -** Иако дели име со вистинскиот гинсенг, тој не му е сроден ни по род, ни по вид, но по делувањето се не далеку. Масовно се употребува на подрачјето на поранешниот Советски сојуз за исти болести за кои се употребува и правиот гинсенг. Главно тоа е реконвалесценција и оправување од напорни физички и ментални состојби. Бројните истражувања, покажале значаен потенцијал во борбата против инфекции, каде е утврдено зголемување на нивото на Т– лимфоцити во крвта, потоа намалување на нивото на шеќер во крвта и друго. Исто така традиционално се употребувал и за намалување на масноти и триглицериди во крвта. Забрането е негова употреба кај висок притисок, земање заедно со други стимуланси лекови за одредени психички состојби, кардиолошки и антикоагулантни лекови, а посебно внимание се препорачува на оние кои земаат лекови за намалување на шеќерот во крвта.

**Индиски гинсенг (Withania somnifera) -** Индија е голем „потрошувач" на оваа билка, во главно за коскено–мускулните пореметувања, ревматските промени, против стрес, за оправување после болест или како превенција. Научните истражувања спомнуваат противвоспалителни, антиоксидациски и имуномодулаторни делувања и друго.

**Мачја канџа/ноктец (Uncaria tomentosa**) е ефикасна билка која делува како имуномодулатор, но запазени се и некои други својства како противвоспалително и делувања на крвожилниот систем. Има и потенцијално антиканцерогено делување, што е забележано во некои австриски истражувачки кругови. Народната медицина бележи употреба кај реума, некои облици на гастритис и за зараснување на рани.

Т.Г.




# Како да се заштитите од остеопороза

Остеопорозата е болест на коските која го зголемува ризикот од фрактури. Таа се карактеризира со намалување на коскената маса кое води до намалување на цврстината на коските и појава на скршеници, најчесто во областа на колковите и зглобовите. Жените многу почесто страдаат од остеопороза отколку мажите. Фрактурите од остеопороза се скоро двапати почести кај жените. Најзасегнати се жените кои се во менопауза или кои ја поминале оваа фаза од животот. Остеопорозата не покажува видливи симптоми. Најчесто луѓето ја откриваат дури откако ќе настрадаат од скршеница. Поради тоа, таа се нарекува уште и „тивка епидемија". Бројот на заболени од остеопороза постојано се зголемува во светски рамки, па затоа превенцијата е особено важна. Гените се многу важни кога станува збор за цврстината на коските, но и начинот на живот има големо влијание. Водењето на здрав живот е најдобриот начин да го намалите ризикот од појава на остеопороза. Никогаш не е премногу рано, ниту премногу доцна за да започнете да преземате мерки за заштита од оваа тивка болест. Постојат три фактори кои се најважни за зачувување на здравјето на коските во текот на целиот живот:

● внесување на калциум;

● внесување на витамин Д;

● редовна физичка активност.

**Внесување на калциум -** Калциумот е неопходен за одржување на здравјето на коските. Околу 99% од овој значаен минерал во нашето тело се складира во коските и забите. Се препорачува калциумот да се прима во следните дневни дози: Деца (1–3 години) – 500 мг, Деца (4–8 години) – 800 mg, Деца (9–18 години) –1300 mg, Возрасни (19–50 години) – 1000mg, Возрасни (51 година и нагоре) – 1200mg

Само за ориентација, во една чаша млеко има приближно 300mg калциум, во една чаша урда – 130 mg, во 85 g бадеми – 210 mg, во 60g сардини со коски – 210 mg калциум.

Но, ретки се луѓето кои успеваат да го внесат препорачаното количество калциум преку исхраната. Затоа се препорачува дополнително внесување со помош на суплементи.

**Внесување на витамин Д -** Внесувањето на доволно количество витамин Д е исто толку важно во превенцијата од остеопороза колку и внесувањето на доволно калциум. Витаминот Д ја помага апсорпцијата на калциум од телото. Недостигот на витамин Д може да предизвика слабеење на коските и зголемување на ризикот од скршеници. Се препорачува да се внесува 600 IU витамин Д дневно. Лицата кои се на возраст над 70 години препорачливо е да внесуваат 800 IU. Витаминот Д доаѓа од исхраната и од кожата. Кај луѓето кои почесто се изложени на сонце се создава повеќе витамин Д. Тој најмногу е застапен во месото од риба, рибиното масло и жолчката од јајцето. Постојат и продукти кои се збогатени во витамин Д, како корнфлексите, кравјото млеко, сирењето и маргаринот. Но, многу малку луѓе ги консумираат овие производи секојдневно, па затоа се препорачува витаминот Д да се внесува и преку суплементи.

**Редовна физичка активност -** Вежбањето го подобрува здравјето на многу различни начини и има клучна улога во заштитата од остеопороза. Физичката активност ја подобрува флексибилноста и стабилноста и со тоа ја намалува веројатноста од паѓање кое може да предизвика скршеници. Се препорачува возрасните лица да вежбаат по 30 минути, барем 3 пати неделно. Најдобри вежби за подобрување на здравјето на коските се вежбите во кои нозете и рацете ја понесуваат целата тежина на телото и вежбите на фитнес справи со отпор. Препорачливо е да се практикува: пешачење, трчање, качување по скали, скокање во место, скокање на јаже, аеробик, аеробик во вода и јога. Особено се корисни вежбите на фитнес справи со отпор. Пливањето, возењето велосипед и вежбањето на елиптични статични велосипеди се одлични кардио вежби, но не се толку полезни за коските како погореспоменатите вежби.

**Внимание -** Луѓето кај кои е дијагностицирана остеопороза и луѓето кои имаат над 50 години и страдаат од висок крвен притисок, дијабетес или болест на срцето, треба да се консултираат со специјалист пред да започнат со вежбање. Тој треба да им препорача соодветни вежби, а во некои случаи потребен е и надзор од стручно лице.

**Дополнителни совети -** За дополнително да го намалите ризикот од остеопороза не треба да ги игнорирате и следните совети:

● Откажете се од пушењето. Откажувањето на цигарите треба да биде приоритет за секој што сака да ужива во долг живот и да ги избегне посетите на болница. Меѓу другото, пушењето е поврзано и со зголемен ризик од појава на остеопороза.

● Намалете ја консумацијата на кофеин и алкохол. Луѓето кои страдаат од остеопороза треба да ја редуцираат консумацијата на кофеин и алкохол. За да се заштитите од остеопороза, пијте алкохол и кафе само во умерени количини. Жените не треба да консумираат повеќе од една чашка алкохол дневно и никогаш не повеќе од 5 кафиња дневно. Се што е над овие граници ве изложува на висок ризик од појава на остеопороза.

● Избегнувајте ги кола соковите. Постојат докази дека кола соковите ги намалуваат коскената маса, па затоа се препорачува да се елиминираат од исхраната.

Зора Кацеска

# Непотребни третмани

Норвешките научници тврдат дека кај еден од четири случаи на рак на дојка не постои потреба да се прават третмани и испитувања бидејќи тоа на болните не им предизвикува никакви проблеми.

За лаици, но за жал и за многу лекари, можеби ова звучи вчудовидувачки бидејќи се индоктринирани со идејата дека ракот на дојката, но и на некои други органи е медицински итна состојба која треба да биде дијагностицирана и третирана што е можно поскоро.

Студијата објавена во списанието Annals of Internal Medicine не е прва која укажува на зачестените непотребни дијагнози низ мамографски уреди за скрининг, бидејќи тоа може да значи дека е пронајден тумор кој никогаш не би предизвикал никакви симптоми ниту би бил причина , недај боже за смрт.

Со анализа на седум слични студии објавени минатата година научниците заклучиле дека 30% жени кои добиле дијагноза дека имаат рак на дојка преку мамографски уред или со палпација претставуваат случаеви на предијагностицирани и непотребни третирања.

Норвешката студија не спомнува дали ова се однесува на сите видови на рак на дојка бидејќи разните видови бараат и различни видови на испитување, анализа и третман. .

Со споредување на собраните податоци Норвежаните можеле да утврдат дека инциденцијата на рак на дојка се менува со текот на времето. Така кога интензивно била распространета хормонската терапија во менопауза бројот на дијагностицирани случаеви на рак на дојка пораснал, а одеднаш опаднал кога лекарите престанале да препорачуваат да се земаат хормони.

Истражувачите заклучиле дека 15–25% случаеви на рак на дојка честопати непотребно се дијагностицирана и третирани, што значи дека на секои 2500 мамографски снимања 6–10 биле непотребни.Според постоечката пракса, кај тие жени направена е биопсија и третман (хемотерапија и зрачење) за рак на дојка кој никогаш не би бил откриен ниту би бил причина за било какви здравствени проблеми, ако не отишле на рутинска мамографија.

Авторите на норвешката студија ја анализираат и оправданоста на тврдењето дека со помош на мамографско снимање се пронаоѓаат повеќе случаеви на рак во ран стадиум кога излекувањето е полесно. Вистина е дека со воведување на мамографија во Норвешка дошло до редуцирање на бројот на откриени случаево на рак на дојка во поодмината фаза, но така било и кај жени кои биле подвргнати на мамографији и кај оние кои не биле. Според нив, ова не е последица на рутинско превентивно снимање на мамографски уред, туку е последица на фактот дека со време се подигнала свеста кај жените за нивното здравје благодарение на телевизијата, Интернетот и друго, а не на превентивна мамографија.

Проблемот со ракот на дојка сличен е со дилемата со која се сретнуваат луѓето на кои со помош на ПСА тест им е дијагностициран рак на проста. Меѓу нив голем е бројот на оние кај кои ракот толку споро расте што никогаш не би бил пронајден без овој тест, заради што американскиот Уред за превенција предложил да се укине рутинска проверка на ПСА.

Норвешката студија го остава отворено прашањето што треба да се направи со случаевите кои имаат статус на предијагностицирање.

Во секој случај ово е предупредување дека треба да се завземе заеднички став за сериозноста на непотребните прерани и пребзани дијагнози, бидејќи превземените непотребни третмани можат да остават сериозни здравствени последици кај одреден број пациенти.

– Тие кои ги тумачат наодите од мамографија или од ПСА би морале да бидат многу внимателни во прогласување на нешто дали е нормално или ненормално, – велат др. Joanne Elmore од Универзитетот Washington и др. Suzanne Fletcher од Харвар, во нивниот коментар за оваа студија.

М. Дамјаноска

# Како да се откажите од цигарите

Борбата со откажувањето од цигарите денеска е најприсутна во преземањето мерки за зачувување на здравјето. За да им излезат во пресрет на пушачите кои сакаат да престанат, различни производители нудат фластери, електронски цигари, лекови, мастики... но на крајот повторно се остава на нив самите.

Доктор Арун Кумар долги години им помага на пушачите да се откажат од цигарите. Тој вели дека прво мора да се утврди за каков пушач станува збор, односно во кои ситуации посегнува по цигара. Сознавањето на причината, значи сознавање на начинот за спротивставување на пушењето.

Повикувајќи се на практиката д–р Кумар вели дека физичката активност значително ја намалува потребата од никотин. Тоа не значи да трчате маратон, но обична прошетка може многу да помогне. Главно, потребно е да се знае дека пушењето е антистресна навика,



односно ги смирува луѓето. Затоа, треба да се најде помалку штетна алтернатива за ослободување од стресот, како што се: медитацијата, јогата, масажата и друго.

Еве што се може да се користи во „борбата" со цигарите:

– џвакањето цимет ја убива желбата за никотин;

– солената храна ја убива желбата за цигара, ако немате чипс, ставете малку сол на врвот на јазикот;

– исто така, кога почувствувате потреба за цигара, земете ореви, лешници, бадеми или суво овошје;

– секогаш имајте мастика со себе;

– пред да запалите цигара, испијте малку млеко или изедите целер или морков, поради горчливиот вкус, сигурно нема да ви прија цигарата;

– витаминот Ц ви е најголемиот сојузник во борбара со цигарите, затоа консумирајте лимони, портокали, црвена пиперка и слично.

Со желба и упорност ќе постигнете ефект кој многу ќе ви значи во животот, со тоа што ќе го избегнете пушењето, а ќе добиете огромен плус за вашето здравје. Па, среќно!

Благој Арсов




Улогата на Фондот за здравствено осигурување и на Министерството за здравство. Како овие институции учествуваат во здравствената заштита?

**Почитувани читатели, со овој и со написи во идните броеви на весникот ќе Ве информираме за прашања од областа на здравството. Покрај непосредното информирање сакаме да помогнеме пензионерите полесно да се снаоѓаат кога се обраќаат за некое право или за исполнување на обврските во главните здравствени институции. За написите користени се закони и други прописи и документи од институциите и од седниците на Управниот одбор на ФЗОМ.**

Фонд за здравствено осигурување на Македонија

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) е основан со Законот за здравствено осигурување како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија. Со Законот за здравствено осигурување се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Закон. Дадени му се права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да обезбедува остварување на права од задолжително здравствено осигурување на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да презема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Во Фондот се обезбедуваат средствата за основната здравствена заштита, за мрежата на здравствените организации и финансирање на дејноста на здравствените организации врз основа на цени на здравствени услуги односно програми и договори за спроведување на здравствената заштита на осигурениците. Средствата за работа на Фондот се обезбедуваат од неколку извори од кои најголем дел се придонесите. Покрај придонесите од задолжителното здравствено осигурување, во Буџетот на Републиката се обезбедуваат дел од средствата за спроведување на посебните програми за превентивна здравствена заштита, програми за заштитата од посебни заболувања кои во исто време претставуваат социјален проблем, лекувањето на неосигурените лица и здравствената заштита на посебните групи на население. Во финансирањето на здравствената заштита, болните учествуваат со лични средства во трошоците за здравствените услуги и лековите (партиципација). Остварените средства во Фондот се користат за покривање на трошоците за: здравствени услуги на осигурените лица; лекови, медицински и санитетски материјал за лекување; протези, ортопедски и други помагала; парични надоместоци, инвестициони вложувања; вршење функција на Фондот; дел од превентивните програми и за други потреби за спроведување на задолжителното здравствено осигурување воспоставено за сите граѓани врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефикасно користење на средствата.

Со работата на Фондот управува Управен одбор, како највисок и единствен орган на управување со работата на Фондот. Управниот одбор работи на седници на кои согласно законите, статутот на Фондот и деловникот носи подзаконски акти на Фондот, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на спроведувањето на Законот за здравствено осигурување и работата на стручната служба на Фондот. Со работата на Фондот раководи директорот на Фондот. Стручната служба е организирана во: централна служба со седиште во Скопје и триесет подрачни служби во внатрешноста.

Со задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедуваат здравствени услуги во примарната здравствена заштита, во специјалистичко-консултативната здравствена заштита и во болничката здравствена заштита, и се покриваат и превентивни мерки и активности. Осигуреното лице може да користи болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во здравствените установи во Републиката. Осигуреното лице може да оствари право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со решение на Фондот. Во здравството на Македонија интензивно се развива и имплементира интегрален Информационен систем. Фондот за здравствено осигурување на Македонија е еден од најважните учесници во имплементацијата на Интегрираниот здравствен информационен систем и Системот за Електронската здравствена картичка, при што обемно се користи информатичка технологија со интернет.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија континуирано се залага осигурениците на најдобар можен начин да го остваруваат правото на лекување според прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување и за поквалитетна здравствена услуга во интерес на квалитетно лекување и заштита на здравјето. Така во специјалистичко-консултативната здравствена заштита за здравствената дејност – дијализа, со нова организација, што започна од 15 февруари 2014 година, се воспоставени јавно приватно партнерство. За прв пат во Македонија е отворена кардиохирургија во јавна сопственост и Фондот веќе обезбеди финансиски средства за нејзиното функционирање. Во примарната здравствена заштита, лековите на рецепт се обезбедуваат преку аптеки со кои Фондот има склучено договор и чиј број се доближува до 800. Специфична новина ќе бидат аптеките во руралните места и подвижните аптеки. Бројот на лекови кои се издаваат на товар на ФЗОМ и расходите на ФЗОМ за лекови имаат континуиран тренд на раст. Се поголем е бројот на лекови на позитивната листа од кои веќе во голем број се без доплата. Трендот на намалување на цените на лековите резултира со зголемување на бројот на лекови кои се обезбедуваат за осигурените лица. Постои тенденција бројот на лекови кои се без доплата да се зголемува и понатаму.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија се стреми за транспарентна и конструктивна соработка со сите чинители во здравствениот систем. Континуирано се одржуваат средби со здруженија на пациенти и болни од одредени болести со цел за подобрување на остварувањето права од здравственото осигурување. На полето на едукацијата интензивно се одржуваат семинари со здравствените работници (доктори, фармацевти) при што се унапредува и олеснува примената на прописите, договорите и услугите. Во текот на 2014 година се спроведува на нов проект за информирање и едукација на пензионерите во две области: здравственото осигурување и превенција на здравјето, за 3-те најчести незаразни заболувања (кардиолошки, нефролошки заболувања и дијабет).

**Д-р Илија Глигоров, примариус, магистер, специјалист во пензија**

## Сама осамена

Живот–борба, скалила
со многу подвизи и падови
многу убавини но малку импресии
Додека се тоа мислиш си го пребродил
доаѓа нешто што те совладува.
Настанува невреме, а во таа бура
јас потпрена на мојот стожер,
но, од силните бури
стожерот почна да се клати
и виорот од мене го одвои и
останав сама–осамена.
Имав крилја но тие заминаа
Над мене на небото
светеа звезди кои ме грееја.
Моите деца, моите внуци
доаѓаа одвреме навреме
и тие си заминуваа
останав сама– осамена.
Многу ноќи, непроспиени
многу денови, безцелни
многу планови, неиполнети
многу прашања, неодговорени
многу желби, неостварени
Јас сама–осамена.
Само песната ми остана
песно моја, посестримо мила
биди со мене верна другарке
ти знаеш многу патишта
води ме со тебе,
да не бидам осамена.

**Маре Манева**




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Интересни факти за Алберт Ајнштајн

**Мразел игри со зборови**
Освен омилен спорт – едрењето, Ајнштајн слабо стоел со каква било рекреациска активност која барала ментално напрегање. Како што изјавил во една пригода за New York Times, „Кога ќе завршам со работата, не сакам ништо што бара работа на мозокот„.

**Многу тешко спелувал**
Иако живеел многу години во САД и комплетно го владеел јазикот, Ајнштајн тврдел дека никогаш нема да научи да пишува англиски. Никогаш не го изгубил својот препознатлив германски акцент.

**Не можел да смисли научна-фантастика**
Сметал дека фантастиката може да даде погрешно научно разбирање на работите и советувал комплетна апстиненција од било каква научна фантастика.
„Никогаш не мислам на иднината. Доволно брзо доаѓа„. Исто така велел дека сите оние што тврдат дека виделе летачки чинии се лажговци.

**Претерано пушел**
Како доживотен член на Монтреалскиот Клуб на пушачи на луле, Ајнштајн рекол:
„Пушењето луле дава придонес на објективното гледање и судење на меѓучовечките односи„.
Во една прилика пропаднал во вода за време на некоја експедиција, но херојски успеал да го сочува своето луле.

**Не бил добар музичар**
Ајнштајн се одморал во својата кујна со неговата виолина, тврдоглаво обидувајќи се да импровизира некоја мелодија. Кога не му одело од рака со виолината, бил лут на Моцарт.

**Не пиел**
На прес – конференцијата при неговото пристигнување во Њењ Зорк во 1930 година, во врска со прохибицијата има изјавено: „Јас не пијам алкохол така за мене е исто дали е забрането или не". Многу пати има упатувано критики до „законите кои што не можат да се применат„

**Ги поистоветувал монотонија со моногамија**
„Сите бракови се опасни„ има еднаш изјавено. „Бракот е неуспешен обид од некоја работа базирана на чиста случајност, да направите да трае". Бил многу неверен како сопруг.

**Памтењето му било многу слабо**
Верувајќи дека родендените се само за мали деца, неговото вистинско мислење за оваа работа се гледа од писмото кое го испратил до неговата девојка Милена Марик. „Моја драга... прво, мои искрени честитки за твојот роденден вчера, што го заборавив уште еднаш".

**Неговата мачка патела од депресија**
Пријател на животните, Ајнштајн имал мачка што станувала депресивна секогаш кога ќе заврнело. Ернст Штраус има изјавено дека во една пригода Ајнштајн и рекол на меланхоличната мачка. „Знам што е проблемот, драго пријателче, но навистина не знам како да ти помогнам". **З.К.**

## КРСТОЗБОР



| СКАНДИ | ВОВЕДУВАЊЕ ИНСТАЛАЦИЈА | ЖАК АРТИН | МЕЃУНАРОДНА УНИЈА ЗА ФИНАНСИСКО ПРАВО | ГЕРМ. ТЕНИСЕР МИХАИЛ | ИНИЦ. НА ПИСАТЕЛОТ АРСОВСКИ | ЕНЕРГИЈА | СКАНДИ | ВИД ЖЕНСКА МОДА | "ОБЕДИНЕТА АРАПСКА РЕПУБЛИКА" | НАША ПЕЈАЧКА НА ФОТОСОТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЕЛО ВО МАКЕДОНСКИ БРОД | | | | | | | ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА / ПРЕЦИЗНА ПУШКА | | | | | | | | |
| ВИД ГОРИВО | | | | | | ЗЕМЈИНА КОРА ОД СИЛ. И АЛ. / ГРАД ВО С. ГРЦИЈА | | | | | | | | | |
| СУЛФУР | | АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ / ЛУКАВ | | | ИМЕТО НА ТЕНИСЕРОТ АГАСИ / АНРИ РАБО | | | | | | | | | | |
| ЛИЧНА ЗАМЕНКА | | | ОСТРОВИ ВО ТИХИОТ ОКЕАН / ЌОР | | | | | | АЗОТ / ЕЛЕНА АНДРЕВСКА | | | | | | |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ОД ШВАЈЦАРИЈА | | | | БАЛЖЕНСТВО / ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | | | Е.А. / ИНИЦ. НА АРТИСКАТА БЕКОЛ | | | | | | | |
| ФРАН. КОМПОЗИТОР ЕДУАР | | | | | СКЕЛЕ / ВУЛКАН ВО СИЦИЛИЈА | | | | | | | | | | |
| СКИЈАЧКАТА АПЛЕ | | | | | | ЕЛИЗАБЕТА БОЖИНОВСКА / ЦЕНТАР НА РОТАЦИЈА | | | ЕНЕРГИЈА / ЕМИЛИЈА АНДРЕЕВА | | СКАНДИ | ЖЕНСКО ИМЕ | АЛБАНСКА ТЕЛЕГРАФСКА АГЕНЦИЈА | АРТИСКАТА ВЕСТ | СЕЛО ВО СВЕТИ НИКОЛЕ |
| РАДИУС | | ВИД ПТИЦА / ИГРАЊЕ | | | | | | ЕДУАР ЛАЛО / НАТРИУМ | | | ОЗБОРУВАЊЕ / ЕДЕН, САМ | | | | |
| АНИ ЖИРАРДО | | | БЕЛГИСКИ ИСТОРИЧАР ЖОЗЕФ / ШИРОК БАЛКОН | | | | ЗАКУПНИЌ / АМЕРИКАНСКА ПЕЈАЧКА | | | | | | | | |
| РУСКА НЕГАЦИЈА | | | | ГНОЈНО ЧИРЧЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПУБЕР.(ГРЧ.) / АРТИСК. ЛИ | | | | | ПАРИЧНА ЕДИНИЦА ВО КОРЕА / ВИД МЛЕЧ. ПРОИЗВОД | | | | | АМПЕР / УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ | |
| ЕТАЛОН | | ЕДМОН РОСТАН / ПРЕПИРКА | | | АМАДЕО АВОГАДРО / ПЕСОЧЕН РИД | | | ДЕЛ ОД ЛИЦЕТО / ГРАД ВО КИНА | | | | | ХЕНРИ КИСИНЏЕР / ПЕЈАЧКАТА ФРЕНСИС | | |
| ПРИЛОГ ЗА МЕСТО / ПЛАНИНСКИ ВРВ ВО ТУРЦИЈА | | | | | | ФУДБАЛЕРОТ ПАНЧЕВ / ШЕВ НА Ж. ЧОРАП | | | | | | ПРАШАЛНА ЗАМЕНКА / ВИД КОЊСКИ ОД | | | |
| СТАРОГРЧКИ ВОЈСКОВОДЕЦ | | | | | | | | | | | АМЕР. АРТИСТ ЏОЗЕФ / ЕГИПЕТСКИ БОГ | | | | |
| КОБИЛАТА НА ДОН КИХОТ | | | | | | | | | | СПЕЦИЈАЛНА ТОРБА ЗА ХРАНА / ВОЛТ | | | | | |
| ВУЛКАН ВО ИНДОНЕЗИЈА | | | | | | | | | МАШКО ИМЕ | | | | | | |

## Хумор

Перо го прашува Трпе:
– Како Трпана скија?
– Како гром. Секој пат во друго дрво.

* * *

Разговараат двајца пријатели во кафеана.
– Дали се плашиш од пајаци?
– Не особено...
– Добро е, затоа што еден во моментов ти го однесе автомобилот.

* * *

Татко и син гледаат ТВ кога одеднаш ѕвони некој на врата. Синот станал да отвори, и му вика на татко му:
– Татооо, овде има еден човек кој бара донација за новиот аква парк.
Таткото:
– Е добро де, наполни една кофа со вода и дај му ја...

* * *

Докторе ме боли нешто под градниот кош.
– Пиеш?
– Да.
– Спиеш?
– Да.
– Од шанкот ти е...

* * *

Блажо му вика, на седумгодишното синче Пере:
– Пере, ако сакаш да бидиш силен како татко ти, мораш цел спанаќ што е во чиниата да го изедеш!
– Тато јас не сакам да бидам силен како тебе, јас сакам како мама да командувам.

* * *

Двајца пензионери на оној свет си седат и си читаат весници. По некое време едниот вели:
– Е, најпосле и Васил ќе дојде!
– Од каде знаеш?
– Еве му го некрологот.

* * *

Во кафеана разлутен гостин удира со тупаница во масата:
– Ова ли го нарекуваш силно кафе?!
– Да се разбира, му вели келнерот, гледате ли колку сте силен само од една голтка!

* * *

– Подобро да се омажев за црниот ѓавол, отколку за тебе– му вели разлутено жената на својот сопруг.
– Нема да можело, забранети се браковите меѓу блиски роднини!

### Итар Пејо знае иљач




Си биле двајца браќа Мариовци. Солта им се чинела скапа, па решиле да ја садат. Садеа, садеа. Но, ниту една година солта не им никнувала. Еден ден станале тие двајца браќа Мариовци, ја земале копачката и ќе копаат во нивата да видат „Што е тоа што им ја јаде солта"? Копале, копале. Најпосле нашле една змија.

Едниот рекол: – Аjде да ја лизнеме, да видиме дали е солена – да не ја јаде таа солта?

Легнал, ја лизнал змијата, а таа го фатила за јазик! Тој почнал да вади пени од устата. Другиот му рекол: – Ај, солена! Што сакаш, ти се јаде леб? Викнал, аjде, му дале леб да јаде. А тој уште се пени.

– Сакаш и кромид? Му дале и кромид. Се собрале неговите роднини и рекле:

– Викнете го Итар Пејо! Тој може да знае некој иљач, тој и никој друг!

Го викнале. Дошол Пејо и им рекол:

– Сечете му ја главата – друга ќе му кладиме!

ЗП Тетово

# Прва мултиетничка средба на пензионерите

Тетово беше домаќин на првата мултиетничка средба на пензионерите од Македонија, востановена со определба на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Над 600 пензионери од речиси сите здруженија на нашата земја, во саботата во ресторанот „Арена“ се дружеа и разонодуваа повеќе од пет часа. Беше големо задоволство и вистинско уживање да се биде меѓу пензионерите, чија припадност овде се гледаше само по тоа дека се пензионери.



„Тетово не случајно е избрано да биде домаќин на ваква средба. Нашиот град и целиот долнополошки регион се одликува со национално мешано население. За сите национални заедници што припаѓаат на „третото доба“ има само една определба – пензионери. Во тој дух спроведуваме активности со заедничко дружење на екскурзии, прошетки, летувања, бањски одмори, спортски натпревари и други собири. Ваквото заедничко дружење тетовските пензионери особено го потврдуваат на настапите на културно–забавните ревии. Нашите членови ги негуваат и јавно прикажуваат изворниот народен фолклор и култура, афирмирајќи ги културните вредности на сите етнички заедници. За нас нема поголема придобивка од заедничкото дружење, живеење, делење на доброто и злото со соседот, зашто нашата земја подеднакво им припаѓа на сите. Други алтернативи немаме“, истакнаа во своите поздравни обраќања **Гојко Ефтоски,** претседател на Собранието и **Шабан Азизи,** претседател на Извршниот одбор на ЗП Тетово.

Меѓу присутните беа и Драги Аргировски претседател на СЗПМ, Бесник Поцеста потпретседател на Собранието и Методија Тошевски, потпретседатели на ИО на СЗПМ, како и Здравко Петкоски, претседател на Комисијата за спорт при Сојузот. Обраќајќи им се на присутните на средбата, претседателот **Драги Аргировски** потсети на најбитните активности спроведени преку Сојузот и во здруженијата во изминатата година. Притоа, за ЗП Тетово рече дека „е едно од најголемите и најактивните. Овде во вистинска смисла на зборот се негува заедништвото, што се потврдува и на оваа средба“. Аргировски информираше и дека продолжуваат мерките за бањско–климатска рекреација на категоријата пензионери со најниска пензија, дека ќе се воведе неделен бесплатен превоз за пензионери и дека по подобрувањето на стандардот на пензионерите беше извршена интервенција од 600 денари месечно за секој пензионер. На крајот претседателот Драги Аргировски средбата ја прогласи за отворена.

Гостин на средбата беше и градоначалничката на Тетово, Теута Арифи.

„Иако имам многу обврски сврзани за мојата функција во општината, сепак сакав барем малку да бидам со вас, да ве поздравам и да ви посакам здравје и долг живот. Во вашиот работен век вие сте дале придонес во изградбата на земјата и заслужувате достоен живот. Ние помладите генерации навистина има што да научиме од вас“, подвлече **Теута Арифи**.

Мултиетничката средба на пензионерите во Тетово имаше уште две други димензии. Потврдувајќи се како припадници во „Годината на солидарност“ што 2014 година беше прогласена од СЗПМ, овој пат од сите здруженија пристигнаа голем број благи и солени производи кои беа лицитирани, а средствата беа наменети за лекување на 14 годишниот Томче Костадиновски од тетовското село Долно Седларце. Тој боледува од својата шеста година. Сега е ученик во осмо одделение и може да се излекува само во Кина со пресадување матични клетки. Бидејќи ова лекување е експериментално, не се предвидени средства од државни извори. Операцијата е многу скапа. На средбата, како прилог за Томче од пензионерите беа собрани 17.500 денари, кои во наредниот ден му беа предадени на семејството.



Втората содржина беше претставувањето на пензионерката од Тетово, Хасхуше Мифтари, која подготви изложба од десет слики во масло, кои беа презентирани пред присутните.

Средбата заврши со срдечни поздрави и со желби за нови дружења.

**Свето Димовски**

# И оваа година се празнуваше „Четрсе“ во Штип

Со првиот ден на пролетта во градот под Исарот Штип се садеа рози. И пензионерите учествуваа во акцијата на локалната самоуправа „Засади рози–разубави го својот град“. Така суводолицата Отиња, која минува во центарот на градот се претвори во убав, несекојдневен парк со цвеќе, пешачки патеки и клупи на кои во починка уживаат пензионерите. Тие овде евоцираа спомени за празникот „Четрсе“ и „Младенци“.

– На овој убав празник ги започнавме во младоста саканите, по дома славевме „Младенци“ со гости кои носеа дарови за младиот брачен пар за среќен почеток и долг заеднички живот. И денес продолжува оваа традиција. Славиме младенци на синовите и керките, а почнавме и на внуците. Од памтивек во Штип се слави и „Четрсе“ и тоа само овде во градот под Исарот, – гордо си спомнуваат пензионерите.



Од оваа година, 22.03.2014 празникот „Четрсе“ влезе како духовно богатство на Штипјани во УНЕСКО. Овој уникатен обичај се практикува со искачување на централниот рид Исар каде на врвот стои тврдината. Постарите палат свеќи во црквата посветена на „Архангел Михаил“, која не е живописана или е можеби уништен живописот во турско, и наречена е фитија. Младите се искачуваат до тврдината со четириесет ракувања и четириесет каменчиња, што се фрлаат кон реката Брегалница, а четириесетото камче не се фрла туку се става под перница за да се сонува тој или таа со кого ќе се мине животот.

Оваа година во чествувањето се вклучи и градското раководство со градоначалникот на Општина Штип примариус м–р Илчо Захариев и републичкиот врв со претседателот на Република Македонија професор д–р. Ѓорге Иванов. Високиот гостин оваа посета на Штип ја искористи да ги посети и пензионерите во новоотворениот Клуб во населбата „Баби“, каде претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев ги запозна гостите со активностите што ги имаат пензионерите, а претседателот Иванов најде време да одигра и партија шах со пензионерите.

**Цвета Спасикова**

ЗП „Солидарност – Аеродром“ – Скопје

# Свечено одбележани 5 години од основањето

ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје наполни 5 години од основањето. Не може да се рече дека тоа се „само“ пет години, од причина што тоа произлезе со издвојување од претходното заедничко Здружение на пензионери „Кисела Вода“ во кое активно повеќе години членуваа пензионерите од оваа здружение според старата територијална поделба.



Во свечена и пријатна атмосфера на 14 април 2014 година, се одбележаа 5 години од основањето на Здружението на пензионери Солидарност – Аеродром. На свеченоста присуствуваа: Драги Аргировски претседател на СЗПМ, Бесник Поцеста потпретседател на Собранието и Методија Тошевски потпретседател на ИО на СЗПМ, претседателот на СЗП на град Скопје Крсто Ангеловски, како и Благоје Арсиќ и Ѓорѓи Трпчески од збратимените здруженија ЗП Кисела Вода и ЗП Охрид и Дебрца.

На почетокот на присутните им се обрати претседателот на Извршниот одбор, Димитрија Богатиноски. Тој, по воведните поздрави, детално ја образложи иницијативата и потребата за основање здружение во новата Општина Аеродром со издвојување од ЗП Кисела Вода во согласност со Статутот на ЗП Кисела Вода и Законот за здруженија и фондации.

ЗП Солидарност – Аеродром е членка во СЗПМ и во СЗП на град Скопје. Здружението има 11.150 членови, 5 огранoци и 7 клубови, солидно опремени со инвентар и реквизити за активностите на членовите. Во продолжение на своето обраќање Богатиновски ги образложи програмските цели и постигнатите резултати, дело на сите членови кои се инволвирани во вкупните активностите со својот интелектуален, културно–уметнички, спортски и хуман потенцијал. Свечената прослава ја поздравија и преставници на гостите помеѓу кои И претседателот Драги Аргировски кој, меѓу другото, рече:

– Човечките потенцијали и материјалните услови се основа за доброто организирање, успешното водење и одличната реализација на целите за кои и постои здружението во согласност со севкупното пензионерско организирање во Македонија, кое наскоро ќе биде опфатено и со посебен закон.

Во рамките на прославата, од името на Здружението, за одредени посебни заслуги беа доделени благодарници на основачите, на првите раководители на огранците, телата и комисиите, на истакнати активисти и на збратимените здруженија.

**Илија Глигоров**

ВЕБ–страница на СЗПМ

# Посетеноста од ден на ден се поголема

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија му дава посебна важност на информирањето на членството, но и на сите случувања во Сојузот и здруженијата за пошироката јавност. Во 2014 година тој тренд продолжува, се разбира, преку весникот „Пензионер плус“, додатокот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ и страницата за повозрасната, односно пензионерската популација во весникот КОХА на албански јазик. Информирањето на членството и на пошироката јавност се одвива и преку печатот и електронските медиуми, на национално и на локално ниво.




Како и до сега, весникот „Пензионер плус“ и понатаму ќе излегува еднаш месечно, во последниот петок од месецот, додатокот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија во четврток втората недела, а страница за повозрасната, односно пензионерската популација во весникот КОХА во четврток третата недела од месецот. На овој начин целиот месец ќе биде покриен со информации.

Што се однесува до веб–страницата на СЗПМ, таа доби нов изглед и содржина. И понатаму ќе биде поместуван весникот „Пензионер плус“, но од почетокот на оваа година постои архива на сите инфо–новости, како што постои од минатата година архива на сите изданија на весникот. На веб–страницата објавени се и билтените за спорт и фолклорните ревии, а така ќе биде и понатаму. Убава новина е, кога станува збор за веб–страницата на СЗПМ, тоа што сега на истата се поместени и подстраници на здруженија членки на Сојузот. Сега засега, свои подстраници имаат следните здруженија: ЗП Гази Баба, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Дојран, ЗП Карпош, ЗП Кисела Вода, ЗП Тафталиџе ДДД, ЗП Крушево, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Солидарност–Аеродром и ЗП Бутел. Во наредниот период се очекува да бидат изработени подстраници и за други здруженија. На подстраниците на здруженијата поместени се: личната карта на здружението, фотографии и состави на раководствата, телата и комисиите, нивните Програми за работа и друго. На овој начин афирмацијата на здруженијата и на Сојузот како целина, ќе биде уште покомплетна, а комуникацијата меѓу здруженијата многу подобра.

Кога сме кај веб–страницата, можеме да се пофалиме дека истата од ден на ден е се попосетена. На пример од 11март до 10 април 2014 година, бројот на посетители изнесувал 573, односно во однос на декември 2013 година се зголемил за 40 %, кога страницата имала 335 посети. Од овој број речиси сите посетители се нови. Страницата најмногу ја посетуваат посетители од Р. Македонија 53%, а 19 % од Скопје.

Од податоците се гледа дека најмногу посетители се на возраст од 25 до 34 години, но 23, 5 % се посетители над 45 години. Бројките се доказ дека страницата ја посетуваат речиси сите генерации, а што се однесува до полот состојбата е следна: жени: 45.84%, мажи: 54. 16%. Меѓу посетителите има владини и невладини организации, туристички работници, компјутерџии, социолози, спортисти, фолклористи, инструктори за здрава храна и други.




Што се однесува пак до државите и јазичните подрачја, најголем број од посетителите се од англиското јазично подрачје односно од земјите каде што се користи англискиот јазик и тој број изнесува 80.28% во посочениот период.

Со содржините поместени на www.szpm.org.mk обезбедено е целосно информирање и транспарентност во работењето на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во земјата и надвор од неа. **К.С. Андонова**

ПИСМО

# Неоправдан револт

Пред извесно време, жена ми се врати од Негорските бањи каде што ги користеше погодностите што ги дава Владата на пензионери со ниски пензии. Треба да се напомене дека пензионери со повисоки пензии не ги користат овие бенифиции, но нели ништо не е совршено и идеално.

Нејзините впечатоци се извонредни, како за престојот во бањата, така и од односот на персоналот. Меѓутоа, ме загрижи една информација што ми ја пренесе таа, а тоа е неоправданото незадоволство на една група пензионери. Да бидеме објективни, незадоволството не е изразено кон условите на престојот во Негорските бањи, туку од кусиот престој во нив. Ваквиот нескромен однос на овие пензионери е за осуда, бидејќи ако во наредниот период им се удоволат нивните барања, тие пак ќе бидат незадоволни и ќе бараат уште повеќе. Во интерес на сите пензионери, ваква постапка не треба да се дозволи.

Втора непријатна појава се случува при користењето на бесплатниот превоз од страна на пензионерите кои си дозволуваат на горниот спрат од автобусот да си играт шах! Да видиш човек и да не верува. Други пензионери, немајќи што да работат, непрекинато се возат со автобусот и на предупредување на возачот на автобусот да се симнат од возилото на крајната автобуска станица, тие даваат отпор.

Благодетите од бесплатното користење на автобусите треба рационално да се користат, за да не се остави простор кај останатите граѓани да предизвика револт и да се зголемува анимозитетот меѓу граѓаните, а на јавното претпријатие да му се нанесува штета. Пожелно е пензионерите заради задоволување на сопствените потреби, користењето на автобусите да го практикуваат откако ќе поминат шпицовите во сообраќајот, со тоа ќе придонесат за намалување на мешаниците во нив. Се разбира, овие појави не се масовни, но сепак, тие оставаат лоша слика за сите пензионери.

Да бидеме благодарни, коректни и достоинствени, како што ни доликува на годините!

**Борис Апостолов, пензионер**